# Десет чекори напред

ЕСЕ

1995
2005

ЕМАНЦИПАЦИЈА

СОЛИДАРНОСТ

ЕДНАКВОСТ

е.с.е.

# Десет чекори напред

ЕСЕ

1995
2005

# СОДРЖИНА

Ние веруваме и работиме на . . .
3
Во пресрет на десетгодишнината на ЕСЕ
4
Чекорејќи со ЕСЕ
5
Десет чекори низ историјата на ЕСЕ /чекорејќи низ историјата
6
Програма за здравствена едукација и женско здравје
9
Програма за правна едукација и правна акција
14
Програма за зголемено учество на жените во политиката и одлучувачките структури
20
Програма за борба против семејното насилство
25
Женски човекови права
30
Жени и економија
33
Програма за јакнење на капацитетите на женските невладини организации за здравствена едукација
34
Работа со штитенички на женското одделение на КПД Идризово
37
Едукативни програми за родова сензитивизација со средношколска младина
39
ЕСЕ низ бројки - програмски и финансиски активности
42
Структура и организациски развој
50
Партнерите и соработниците кои чекореа со нас
52

# НИЕ ВЕРУВАМЕ И РАБОТИМЕ НА . . .

Веруваме дека превземените активности со цел подобрување на состојбата на жената преку активно вклучување и учество на двата пола води кон фактичка, а се повеќе оддалечува од декларативна родова рамноправност.

- за еднакви можности
- за правилна дисперзија на моќта
- за фактичка, а не декларативна рамноправност

**За постигнување на својата мисија ЕСЕ се фокусира на следните стратешки цели:**

1. Обезбедување на бесплатни професионални и квалитетни директни услуги за жените, вклучувајќи советување, поддршка и информација за семејно насилство и здравствени прашања.
2. Развивање и зајакнување на капацитетите на невладините организации, поврзани со жените и нивното здравје.

3. Зајакнување на капацитетите на жените и мажите во политичките партии, со цел да ги препознаат и стимулираат родовите концепти во политиките на национално и локално ниво
4. Правна и фактичка анализа на одредени прашања, со цел вклучување на родовата перспектива во законодавството.

Активностите насочени кон реализација на зацртаните цели се остваруваат низ три програмски линии:

- Здравствена едукација и женско здравје
- Женски човекови права
- Учество на жените во политиката и одлучувачките структури

**Методолошки пристап**

- подготовка, развивање и имплементација на едукативни семинари и обуки;
- организирање тркалезни маси и тематски средби;
- подготовка, развивање на едукативни материјали и прирачници;
- подготовка на брошури, лифлети и постери;
- организирање кампањи;
- спроведување истражувања;
- активно инволвирање во процеси на изготвување на предлог-измени на постоечки закони;
- организациско јакнење на капацитетите на своите соработници - невладини организации и женските организации во партиите;
- создавање бази на податоци на полињата на кои работи, кои опфаќаат и анализа на податоци и прибирање релевантна литература;
- размена на информации преку своја ВЕБ страница

# Во пресрет на десетгодишнината на ЕСЕ

Во дефинирањето на визијата на една организација, исклучително е тешко да се определи што е тоа што би можело да се промени во наредните 10 години, а што би било предизвикано од начинот на нејзиното дејствување.

Промените што се однесуваат на премин од декларативна кон фактичка еднаквост на жената се бавни, се одвиваат со различен интензитет во различни сфери и бараат исклучителна предаденост и посветеност на оние кои земаат активно учество во тие промени. Моделирањето на заедницата според таквата визија бара мноштво на однапред дефинирани чекори, со однапред проценети ризици и можности, во време во кое постојаноста и предвидливоста не постојат.

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените ја определи својата визија, начинот како да се приближи до неа, создаде нови правила на лобирање и однесување и мрежно работење. ЕСЕ дејствува како промотор на женското движење и женските права, како иницијатор за воведување на нови содржини и нови форми на соработка и лобирање.

Во периодот од 10 години беа реализирани четири програмски линии, што говори за постојаноста и сосредоточеноста на напорите на неколку сфери од интерес. Спроведувањето пак, на 53 дополнителни проекти, е во прилог на истражувањата и напорите за остварување на визијата во повеќе други области.

Методологијата на работа, иако дефинирана и надградена со обуки, во целиот период остана флексибилна. Таа опфати едукација, лобирање, мрежно дејствување, но и директна помош со услуги. Формирани се правен и здравствен центар во Скопје, Штип и Тетово, во кои е даден совет на 1 325, односно 864 лица.

На програмите и проектите во ЕСЕ работеле вкупно 23 вработени лица.

Освен едукацијата на лицата вработени во ЕСЕ, во овој период постоеше и континуирана едукација на 30 правници, 30 социјални работници, 30 лекари, 45 жени од политичките партии. Тие го чинат првиот тим за поддршка, надвор од вработените лица, во рамките на програмските линии.

Направените истражувања, базите на податоци и студиите создаваат солидна основа за проучување на актуелната состојба на жените во Република Македонија, како и за натамошна споредба и идни препораки.

Во донесувањето и одобрувањето на програмите, извештаите и воопшто, целокупната работа на ЕСЕ, учествувале 11 лица од Извршен одбор, односно 133 лица кои пристапиле кон Генералното собрание.

Сето ова се остваруваше во период на општествена транзиција и транзиција во невладиното организирање. Таквиот премин значеше и потреба од организациски развој со точно определени стандарди. Состојбите на конфликти, војна во соседството, тензии, не само што не ја нарушија насоката на дејствување, туку уште поцврсто ја дефинираа определбата да се оствари она што нè обединува-подобра позиција на жената, во свет кој само привидно ѝ нуди рамноправност.

Во срцта на сите овие напори се наоѓа надежта: за подобра положба на жените во општеството, во домот, во заедницата; за поефикасно и некорумпирано општество; за поспокојна иднина. Претставува гордост и задоволство кога надежта може да се поткрепи со реални претпоставки кои носат прогрес.

Билјана Герасимовска-Китановска, Претседателка на ЕСЕ

# Чекорејќи со ЕСЕ

Да се чекори со ЕСЕ е предизвик. Предизвик е битката со општествени проблеми кои во ЕСЕ имаа и ќе имаат достоен противник, но предизвик е и градењето и изнаоѓањето решенија за нивно надминување.

Чинам дека од година во година тежината на проблемите и сеопфатноста на активностите кои ги преземавме растеа. И наместо тежината да ја обременува и забавува работата, напротив таа забрзано нѐ водеше кон целта.

ЕСЕ во своето работење секогаш имаше неостварени соништа. Плановите и визијата кон кои ЕСЕ тежнееше беа пред реалните можности за нивно спроведување. Но нивната предвременост и привидна невозможност беа предизвик за преточување во реалноста. Вербата и надежта присутни кај оние за кои работевме - жените, нѐ уверуваа во оправданоста и потребата за истрајност.

Најголемите вредности на ЕСЕ се неговите вработени, нивната посветеност и бесконечната пожртвуваност во постигнувањето на зацртаните цели, конзистентоста и подеднаквото внимание на организациониот и на програмскиот развој. Тоа се вредности кои во ЕСЕ беа поставени од неговото основање и чии резултати денес ги потврдуваат и наедно ја обезбедуваат иднината на ЕСЕ.

Но она што е најбитно, е дека умешноста и знаењата на ЕСЕ беа ставени во функција на пружање на соодветна помош на жените на повеќе полиња, како и на решавање на ургетни потреби.

Резултатите и достигнувањата од првите десет чекори, впрочем говорат сами за себе. Тие се запишани и претставуваат значаен дел во историјата на унапредувањето на односите меѓу мажите и жените. Останува заедно со нашите партнери, соработници и корисници да ги запишеме следните десет, и веруваме, многуте по нив...

**Јасминка Фришчиќ, извршна директорка на ЕСЕ**










# Десет чекори низ историјата на ЕСЕ / Чекорејќи низ историјата на ЕСЕ

Развојот на ЕСЕ изминатата деценија можеме да го поделиме во неколку стадиуми, како во однос на програмскиот развој така и по однос на организационата поставеност и структура.

Во **годините** (1994-1995) од своето формирање и регистрирање, тогашната **Хуманитарна асоцијација за еманаципација, солидарност и еднаквост на жените** својата работа ја насочи кон подобрување на состојбата на жената и нејзина поголема застапеност во одлучувачките структури. Работата на асоцијацијата се фокусира на последиците кои периодот на транзиција ги има на состојбата на жената со посебно внимание на жените во селата и маргинализираните жени. Општата определба на ЕСЕ е да ги застапува сите жени, без разлика на нивната религија, националност и возраст. Во таа смисла во 1994 година спроведен е проектот „Жените и образованието" преку кој се дистрибуирани учебници за оние кои не можат да ги обезбедат. Програмата за работа на асоцијацијата во 1995 година ја сочинуваа проектите „Жените и здравјето" наменет за ромската и албанската жена; „Жените и медиумите" кој овозможи пошироко интерпретација на женските прашања и интереси и проектот „Жените и нивните можности за вработување" кој овозможи 225 жени од рурални средини да се стекнат со диплома за положен курс за шиење во соработка со Републичкиот завод за унапредување на домаќинството. Во овој период ЕСЕ работеше со повеќе новоформирани организации како што се ДАЈА, Лигата на албанската жена, СОС линијата на ОЖС, како и повеќе меѓународни организации.
Сите овие проекти ја сочинуваа основата за дефинирање на трите главни насоки во понатамошната работа на здружението, односно здравствена, правна и едукација за еднакви можности на жените во одлучувачките структури.

## Во периодот 1996-1998 година

1996 година е значајна во историјата на ЕСЕ од повеќе аспекти. ЕСЕ во текот на годината работеше на повеќе прашања од посебен интерес за жената, но исто така се посвети и на јакнење на организациските капацитети и капацитетите на вработените. Како резултат на овие активности ЕСЕ во 1997 и 1998 година разви одделни годишни програми во чии рамки ги зацрта и отпочна со реализација на своите долгогодишни определби. Тие се првите годишни програми и во оваа смисла значеа преод во работата на ЕСЕ од дотогашното проектно ниво. Покрај едукативните активности, ЕСЕ значително ги зголеми своите активности на полето на лобирањето и подигањето на јавната свест од повеќе области, преку организирање на камапањи. Со ова ЕСЕ ја пренасочи својата активност од жени од рурални средини и соработка со женски организации кон организирање на едукација со групи на адвокати, правници, политичарки, здравствени работници и претставнички на женски невладини организации активни на полето на еманципацијата. Со жените од руралните средини продолжи да работи програмата за здравствена едукација.
Во организациска смисла, ЕСЕ сè уште нема развиено одделни тела, а ИО беше формиран во 1995 година, како потреба заради зајакнување на капацитетите.
Од организација која во 1994 година немаше свои простории и опрема за работење, човечки капацитети кои не беа обучени, со еден завршен проект и ветување за финансиска поддршка, ЕСЕ во 1998 година пресрасна во организација со изнајмени две простории и основна опрема за работа, тим на четири мотивирани вработени со обезбедени основни познавања за полињата на работа, организација и лобирање, организација со репутација и статус на организација која е почитувана од страна на оние со кои соработува.

## Во периодот 1998- 2004 година

Во 1998 година ЕСЕ го смени својот назив во Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ со што своето поле на дејствување го прошири на национално ниво. Недостатокот од планирање на активности на







долгорочно ниво беа надминати во овој период. ЕСЕ од едногодишно планирање премина на тригодишно. За време на овој период ги развивме своите тригодишни програми и тоа 1998 -2000 и 2000 -2003 година. Тригодишните планови овозможија долгорочно планирање не само на програмските активности во соодност на мисијата, целите и стратегиите, туку и на целните групи со кои се работи, очекуваните резултати, индикатори за извршените активности и влијанието постигнато преку нив, развој на организационата поставеност, развојот на човечките капацитети, стратегии за одговорност и транспарентност, цели и критериуми за соработка со останати организации и стратегија за градење на капацитетите.

Во програмска смисла ЕСЕ и понатаму продолжи да работи на четири основни полиња, при тоа збогатувајќи ги своите активности со дополнителна тригодишна програма под името “*Јакнење на капацитетите на женските невладини организации за здравствена едукација*” во соработка со Македонскот центар за меѓународна соработка. Ја отпо чнавме работата со жените затворенички, која во овој период се развиваше од нивна психо-социјална поддршка до зголемување на нивните можности за успешна ресоцијализација. Во поголемиот дел од програмите едукативните активности се насочија кон младата популација.

Едукативните активности застапени во сите програми се збогатија со компоненти насочени во работа со општата популација, а во програмата за правна едукација и акција се отиде и чекор понатаму, воведени се првите директни услуги (правни совети и застапувања) за жените жртви на семејното насилство. Лобирачките активности интензивно се спроведуваа на полето на усвојувањето на законската регулатива за семејното насилство. Со ова се зголемија вештините на полето на подготовка на законски прописи.

Програмските активности наменети кон општата популација и правните совети и застапувања на жените жртви на семејно насилство ЕСЕ ги спроведе со невладини организации со кои традиционално соработува. Со ова ЕСЕ дел од своите активности ги преточи во програмска активност на своите соработници која ја презедоа обврската за нивна одржливост и равој.

ЕСЕ ги воспостави сите тела од организациската структура, вклучувајќи го и Генералното собрание. Проширувањето и јакнењето на ова тело е еден од приоритетите на ЕСЕ. ЕСЕ во овој период обезбеди сопствени простории за работење и при тоа ги пополни и ги опреми истите. Тимот на ЕСЕ составен од четири лица во 1998 година прерасна во десетчлен. Внатрешната структура на ЕСЕ поставена на еднолинискиот принцип, се разви во јасно детерминирана и дефинирана структура, при што секој од вработените ги извршува своите работни задачи, соодветно на предвиденото работно место. ЕСЕ продолжи со континуирано јакнење на човечките капацитети.

*„За мене ЕСЕ е една од организациите кои се наметнуваат со својата упорност, професионален пристап и одличен тим и како такви претставуваат модел на граѓанска организација од која другите организации можат да научат многу. ЕСЕ е организација која има јасно дефиниран фокус, во кој успеа да излобира донесување на законска регултива на национално ниво. Од она што го имам како информација од многу локални организации, тие во ЕСЕ гледаат клучна организација која им има помогнато многу преку обезбедување обуки и грантови. Дури кога во НВО секторот ќе имаме и други вакви организации од типот на ЕСЕ, ќе можеме да кажеме дека сме постигнале вистински развој”.*

***Зоран Стојковски, Извршен директор на Центар за Институционален развој - ЦИРа***





## Во периодот 2004 - 2005 година

„ЕСЕ го започна својот пат на промените како со визија така и со храброст. Било кој шаблонски пристап ќе предизвикаше општо намалување, но ЕСЕ не е ниту типична организација, ниту задоволна да се потпре на мали решенија. Наместо тоа, персоналот и Извршниот одбор ја искористија можноста да продолжат со зголемување на некои активности (услуги за жртвите на насилство), при тоа воспоставувајќи баланс во намалувањето и прераспределбата на други. Нивниот приод е насочен кон одржливоста, при што тие ја согледуваат одговорноста да ги зголемат различните извори на финансии и веќе иницираат конкретни чекори во насока на постигнување на оваа цел. Најважно, спроведувањето на процесот на стратешко планирање во овој момент, на ЕСЕ му дава скоро две години за транзиција кон планираното намалување на фондовите. Тоа претставува далекувидост, која е основен дел на успехот на ЕСЕ."
Вени Кусума, консултантката со која го спроведовме процесот на стратешко планирање.

Во пресрет на најавеното повлекување на најголем број развојни и донаторски агенции од Регионот, односно на еден од нашите традиционални донатори, ЕСЕ одлучи да преземе конкретни чекори во пресрет на најавеното намалување. За оваа цел во јуни 2004 се спроведе процес на стратешко планирање.

Со цел да се детерминираат можностите за прераспределба на ресурсите, од една страна беа анализирани програмските активности (со цел нивна рационализација, во смисла на непреклопување на активностите со други организации), а во рамките на истите и буџетската поставеност, а од друга страна беше анализирана и организациската поставеност со цел нејзино рационализирање и спојување на определени надлежности во функција на поголема операционалност на сите ресурси со кои располага здружението. При процесот на анализа на програмските активности ЕСЕ ги утврди своите идни проритети: давање директни услуги на целната група, лобирањето за законски измени и фокусирање на едукативни и информативни активности со цел постигнување на стратешките цели во лобирањето за законски измени како и за други цели кои водат до општествени промени. Оформена е нова програма под името „*Женски човекови права*" која ги обедини поранешните програми за правна едукација и за борба против семејното насилство.

Овој период за ЕСЕ е одбележан како период на собирање на плодовите од долгогодишната работа. ЕСЕ својата лобирачка активност за унапредување на положбата на жената во нашето општество ја круниса со донесувањето на конкретни законски решенија во постојната законскаа регулатива за проблемот на семејното насилство. ЕСЕ од партнерите е препознаена како организација која има капацитет да ги застапува и да лобира за законски измени кои водат до сè поголема родова рамноправност во нашето општество. Директните услуги насочени кон жените покрај помошта на жените жртви на семејно насилство се збогати со здравствени информации и поддршка во рамките на Женските здравствени информативни центри. Подготвен и презентиран е првиот извештај во сенка на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената. Препораките подготвени во Извештајот претставуваат основа за операционализација на идните активности на полето на унапредувањето на односите меѓу половите на национално ниво.

Во однос на организациската поставеност, внатрешната структура на ЕСЕ беше усогласена со новите програмски приоритети. ЕСЕ воспостави одделение за развој кое треба да биде движечка сила во спроведувањето на стратешката определба и одржливоста на ЕСЕ. Проширен е одделот за административно финансиско работење и предвидено е лицето кое го претставува и застапува ЕСЕ да произлегува и да се бира од редот на членовите на Извршниот одбор.

# ПРОГРАМА
# ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА И
# ЖЕНСКО ЗДРАВЈЕ






# ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА И ЖЕНСКО ЗДРАВЈЕ

*Организацијата на жени-Тетово, активно соработува со ЕСЕ повеќе години station наназад. Соработката се одвиваше на повеќе полиња, а најмногу од областа на здравството. Проектите се реализираа низ работилници, трибини, советувања, на кои учествуваа жени од различни националности од Тетово и од околните села. Сите активности беа следени со голем интерес. Ефектите од овие проекти се постојана едукација, меѓусебна комуникација и дружење на жените.”*

***Марија Јоргушеска***
***Организација на жени Тетово***




**1997 - 1998**

**Здравствена едукација** е една од основните компоненти на програмата. Во овој период е спроведена програма од 10 работилници за **репродуктивно здравје** за жени Ромки.

Во рамките на здравствената едукација се започна со **едукација на група лекари** кои потоа, спроведоа предавања низ неколку градови, со одржување на серии од осум предавања од областа на репродуктивното здравје, наменети за групи помлади девојки и групи повозрасни жени. За успешна реализација на предвидените активности, беа **подготвени здравствени материјали врз основа на холистички пристап кон здравјето**, со избегнување на стереотипи прилагодени на степенот на знаењата на учесничките.

**1998 -1999**

Започна со реализација на проектот **“Здравствена едукација за мајки во итни состојби”**. Извршена е здравствена едукација за 600 жени бегалци од Косово. За таа цел, најнапред беше спроведена едукација за 14 предавачки-лекарки и испечатена брошура “Доење во итни состојби” на македонски и на албански јазик.

**1999 - 2000**

Здравствена едукација за репродуктивно здравје, се остваруваше во соработка со неколку локални женски НВО. Програмата за едукацијата на жени опфаќа сет од материјали за 12 работилници за репродуктивно здравје.

Работилниците ги модерираа седум обучени лекари.
Програмата беше проширена со **едукација за здравствена заштита на мајки и деца**, која беше спроведена во 10 села. Шест лекари беа едуцирани да ги модерираат работилниците.
Во овој период започнува и формирањето на групи за самопомош. Во неколку градови, со помош на локални женски НВО, беше спроведена анкета во однос на темите за кои жените се заинтересирани. Анкетата покажа дека менталното здравје е најважниот проблем како основа за формирање на групи за самопомош. Локалните женски НВО наименуваа модератори и фацилитатори кои поминаа циклус обука по што и ги започнаа работилниците со групите за самопомош во нивните градови. Едукацијата на лекари, доведе до формирање на три групи едуцирани професионалци: за репродуктивно здравје, за здравје на мајки и деца и за ментално здравје, која покрај лекари, се состои и од психолози и социјални работници.

Проектот за здравствена едукација продолжи и во овој период. Се следеше здравствената едукација која беше во тек. На крајот беше спроведена евалуација за да се процени знаењето на жените бегалци, низ интервју со жени кои сѐ уште не беа вратени во Косово. Брошурите за доење во ургентни состојби беа преведени од англиски на македонски и на албански јазик и им беа дадени на учесниците на курсевите.
Активностите продолжија со ромски жени од Шуто Оризари. Најнапред

беше извршена обука на 6 предавачи и беа спроведени 6 работилници за здравје на мајки и деца.

**2000 -2001**

Успешната соработка со УНИЦЕФ, како и потребата од здравствена едукација за правилен раст и развој на детето резултираше во серија од нови работилници во општини кои дотогаш не беа опфатени со едукација.
**Групите за самопомош**, беа реализирани, низ спроведена серија работилници реализирани во неколку градови во источна Македонија. За оваа цел изработен е соодветен Прирачник за работа од областа на менталното здравје.
Со цел да се зајакнат групите на здравствени професионалци и да се развијат нивните вештини за интерактивно пренесување на здравствените пораки, беше одржана серија на семинари.

**2001 – 2002**

Создавањето на групи за самопомош продолжи во оние области кои беа зафатени со конфликтот во текот на 2001 год. Ова се базираше на потребите од дејствување на полето на менталното здравје и повторна комуникација во заедниците, како и градење на меѓуетничка доверба.
Во овој период **се формираа две мрежи - мрежа на женски НВО кои работат на здравствена едукација и мрежа на здравствени професионалци**. Мрежите за кои беа организирани низа семинари, беа формирани со цел да се овозможи споделување на размислувањата, идеите и активностите на полето на здравствената едукација. Освен професионалната размена на искуства и знаења, мрежите беа воведени во концептот на родови односи, кој ја чини основата на нивното идно дејствување и дава нова перспектива во едукацијата на жените за нивното здравје.

Низ дополнителни работилници, за претставници на две организации, беа спроведени обуки за обезбедување вештини за интерактивно пренесување на здравствени пораки.

**2002 - 2003**

Беше формирана уште една група за самопомош, со која се реализираа 11 работилници од областа на менталното здравје.
**Едукативните активности** во овој период беа насочени кон повеќе целни групи. Мрежата на здравствени работници се насочи кон едукација за развој на здравствено едукативни материјали и вештини потребни за ефективна и ефикасна здравствена едукација и комуникација. И за мрежата на женските НВО беа реализирани низа семинари. Третата целна група беа адолесценти од основни училишта и од јавната установа Детски дом “*11 Октомври*” за кои се реализираа едукативни работилници за репродуктивно здравје. Со цел да се привлече вниманието на јавноста и одговорните структури и да се отвори широка дебата околу прашањето колку примарната здравствена заштита е достапна и пристапна за сите жени во Р. Македонија, како и за степенот на остварување на репродуктивните




*Јас сум Надица и би сакала да се заблагодарам за целокупната поддршка што ја добив од Вашите совети. Во Женскиот здравствен информативен центар, ми помогнаа во најтешките моменти кога јас требаше да се соочам со многу непријатни работи поврзани со моето интимно здравје. Никогаш немаше да бидам целосно мирна и здрава да не добиев вистински одговор од вистинското место, во кое сега имам целосна доверба. Ве почитувам и сигурна сум дека кај Вас многу млади ќе го најдат токму она што никогаш не би го добиле на некое друго место- поддршка и вистински одговори. Ви благодарам.*

***Од Н.П., 23 години, корисничка на услуги на Женскиот здравствен информативен центар - Скопје***

*“Десет години во развојот на една организација значат многу особено кога се работи за една од првите формирани непосредно по осамостојувањето, која ги поминала сите промени и трансформации што со себе ги носи еден ваков период. Резултатите постигнати во изминатите 10 години и сегашната состојба јасно зборуваат за местото и улогата на ЕСЕ некогаш и сега и се добра претпоставка за успешен натамошен развој. Одбележувањето на 10 год. јубилеј од своето постоење е настан достоен за почит. Во таа смисла, ја изразувам мојата длабока благодарност на ,,Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија која во периодот од 1995-2005 год. ми овозможи, пред сѐ дружење, нови пријателства, размена на искуства, стекнување знаења и вештини. Ми помогна да ја зајакнам мојата самодоверба, сигурност, одговорност. Направи да се чувствувам корисна и среќна, да доживеам исполнителност, професионализам и ентузијазам во работата.*

*Соработката со ЕСЕ е исклучително добра и плодна. За мене има непроценлив придонес и значење. Лично сметам дека е чест и задоволство да се биде дел од ЕСЕ.”*

***Д-р Тода Крстеска,***
***членка на мрежата на***
***здравствени професионалци***







и сексуални права на жените во Македонија, ЕСЕ се приклучи кон **кампањата за достапно здравје за жените** на Глобалната мрежа за репродуктивни права на жените (ГМРПЖ) преку превод и печатење на повикот за акција и печатење на постер со слоганот на кампањата: “Здравје за сите, здравје за жените” и организирање на панел дебата на Светскиот ден за акција за здравје на жените.

## 2003 – 2004

Програмата ги прошири своите активности насочени кон унапредување на здрављето на жените со отворање на Женски здравствен информативен центар, кој работи во рамките на ЕСЕ. За да се дефинираат темите за работа на **Женскиот здравствен информативен центар**, најнапред се реализираа фокус групи со жени од 20 - 49 годишна возраст од повеќе градови во Македонија. Целта беше да се детерминираат знаењата, ставовите и практиките на жените на повеќе теми, како и да се определат преференците по однос на пренесување на здравствено-едукативни информации. Женскиот здравствен информативен центар започна да работи во април 2004. Центарот оперира два пати неделно, а докторките ги советуваат странките преку лични средби и телефонски консултации.

**Едукативната компонента на центарот** се реализира со континуирана подготовка и печатење на брошури од областите кои ги третира Центарот: “Остеопороза”, “Менопауза”, “Контрацепција” и “Хипертензија”. Брошурите се подготвени од врвни стручни лица во секоја област, а се печатат на македонски, албански и ромски јазик. Центарот организираше и контактни работилници со жените од руралните средини со теми дефинирани врз основа на нивниот интерес и потреби.

Едуцирајќи ја мрежата на здравствени работници и мрежата на женски невладини организации на приниципите на здравствена промоција, се увиде потребата од едукација за дизајнирање на здравствено промотивни програми и едукација на полето на здравствено унапредување. За таа цел, како и со цел преземање на заедничка активност на ЕСЕ со двете мрежи, ЕСЕ испорача обука за Интервентно мапирање –дизајнирање на здравствено промотивни интервенции базирани на факти и теории. Соработката со студентите по медицина продолжи на полето на едукацијата за врсници со што програмата обучи обучувачи кои следните години едуцираа голем број на адолесценти од средните училишта и студенти по медицина.

Во соработка со СЗО и Институтот за социјална медицина, Министерството за здравство, Институтот Отворено општество и УНИЦЕФ, ЕСЕ го промовираше **“Првиот светски извештај за насилство и здравје”** објавен од СЗО кој го верификува насилството за да се подигне свеста за јавно-здравствениот аспект на насилството со особен акцент на насилството во врска. Промоцијата









на Извештајот беше пропратена со општа кампања, печатење на постери, резиме од извештајот, поставување билборди и дебата во стручните кругови за тоа како општеството да го адресира интерперсоналното насилство.

Во овој период ЕСЕ спроведе повеќе **ХИВ/СИДА/ СПИ превентивни активности** соработка со Европската медицинска студентска асоцијација, како што е истражување за родовите стереотипи и подложноста на студентската младина на СПИ/ХИВ/СИДА од родова перспектива, со цел да се добие патоказ при дизајнирање ефективни стратегии за ХИВ/СИДА превенција. За подигање на јавна свест за вулнерабилноста на жените и девојките кон ХИВ/СИДА/СПИ, на денот за борба против СИДА-та, организиравме штанд во Градскиот трговски центар, на кој бесплатно дистрибуиравме кондоми со пораката *„Девојки, заштитете се*!“, со цел истакнување на правото на избор и одлука. На штандот се дистрибуираа и постерите од црвената линија на СЗО (кампањата за спречување на насилството), како и информативен материјал на ЕСЕ за насилство од интимен партнер.

Во овој период се спроведе и Проектот**:** “Здравје за сите, здравје за Ромите”, со цел да се подобри пристапот на Ромите до здравствената заштита и подигање на свеста кај здравствените работници за специфичните здравствени потреби и проблеми на Ромската популација. За таа цел отворен е Информативен центар во Шуто Оризари, кој нуди директни услуги на клиентите, помагајќи да го остварат своето право на здравствена заштита преку обезбедување на документи потребни за здравствено осигурување. Истовремено, преку обуки, ЕСЕ работеше на сензитивизирање на здравствените професионалци, вклучувајки го и идниот здравствен кадар-студенти по медицина и средношколци од средните медицински училишта за генералниот статус на Ромите и нивните специфични здравствени потреби и начините за остварување на здравствената заштита.

## 2004 - 2005

Во две општини беа одржани отворени форуми за подигање на свеста за потребата од координиран пристап во решавањето на ХИВ/СИДА проблемот на локално ниво како и работилници за промовирање на отворен разговор во семејството за ХИВ/СИДА/СПИ. Спроведено е и анкетно истражување за подготовка на компаративна студија која се однесува на знаењата, ставовите и однесувањата во поглед на ХИВ/СИДА/СПИ и превенцијата меѓу младите во двете општини, ХИВ/СИДА училиште за средношколците - едукатори на врсници, како и едукативни работилници по средните училишта

Во соработка со тематската група на Обединетите нации за ХИВ/СИДА реализиран е проектот: **“Жени, девојки и ХИВ/СИДА”**. Во рамки на кампањата “16 дена на активности против насилството врз жените” и светската кампања за ХИВ/СИДА превенција по повод 1-ви Декември, беше организирана тркалезна маса на тема “Жени, девојки и ХИВ/СИДА” при што беше направена промоција на филмот “Жените ја предводат промената”, во продукција на UNAIDS и Mondofragilis кој говори за подложноста на жената кон ХИВ од социјален, економски и културолошки аспект.

Женскиот здравствен информативен центар продолжи да работи, а **два локални центри се отворија во Штип и Тетово** во соработка со невладини организации реномирани на полето на здравственото унапредување. Здравствено информативните центри на ЕСЕ одржаа повеќе здравствено-едукативни работилници со различни групи, од адолесценти, студенти до жени во рурални подрачја. Центарот во ЕСЕ воспостави соработка со специјализираното списание за здравје “Здравје” во кој речиси на редовна база се објавуваат здравствено-едукативни текстови од сферата на унапредувањето на здравјето на жената и младите.

Проектот**:** “Здравје за сите, здравје за Ромите”, продолжи со своите активности преку оперирање на информативниот центар, отворање на уште еден локален центар во Штип, организирање на здравствено-едукативни работилници за ромското население, како и работа на ромски и други НВО за застапување и за воведување на специјални мерки за олеснет пристап на ромското население кон здравственото осигурување.

# ПРОГРАМА
# ЗА ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА И
# ПРАВНА АКЦИЈА



**1995 - 1996**

Првите чекори на полето на подигање на свеста меѓу професионалните структури, односно правници, беа направени. Одржани беа неколку семинари со цел запознавање на оваа група со појавата и начинот на регулирање на оваа појава во Македонија и компаративните законодавства. Напоредно се организира и семинар наменет за женските невладини организации за начинот на пружање на помош на жените - жртви на семејно насилство, организиран во соработка со Застапниците на човекови права од Минесота.

**1997- 1998**

Со цел за едукација на група на правници за области од правото кои се од особен интерес за жените, беа одржани два семинари. **Како надополнение** на правните семинари одржани во 1996, беше подготвена книгата "Во име на еднаквоста*"*.

Активностите на програмата се профилираат во два правци – правна едукација и правна акција.
Правната едукација, со реализација на три семинари беше насочена кон создавање група на правници, свесни и сензитивни за родовата специфика. Подготвени беа две брошури: "Кривичниот закон и силувањето" која ја содржи материјалната и процедуралната регулатива на делото-силување и "Семејно право и разводот", која опфаќа информации за работата на Советувалиштето за брак и семејство.

Во рамките на правната акција, беше одржана **Регионална конференција на жени правници**, која е прва конференција од овој вид во Регионот. На конференцијата беше презентирана постоечката правна регулатива за меѓународната трговија со жени и деца, беше отворена дискусија за жената и правото и жената во правната професија. Воедно беше подготвен сублимиран текст со пресек на меѓународната правна регулатива од интерес за жената.

**1998 - 1999**

За заокружување на процесот на едукација на групата правници од разни области на правото, беше спроведена серија од четири семинари, при што беа подготвени работни материјали кои содржат компаративен приказ на законската регулатива во РМ и регулативи од други земји, како и основните меѓународни документи кои ги регулираат областите од интерес.

Во овој период започнува реализацијата на проектот **"Лоби-рање на законска регулатива за семејно насилство"**, финансиски поддржан од Westminster Foundation for Democracy**,** а во соработка со Американската адвокатска асоцијација, Правна иницијатива за централна и источна Европа- АБА/ЦЕЕЛИ, кои беа коорганизатори на проектот. Одржана е низа од семинари со присуство на претставници на Министерството за внатрешни работи, Правда и Труд и социјална политика, Институтот за социолошки, политички и правни истражувања, Центрите за социјална работа, женски невладини организации, невладини организации кои работат на полето на заштита на човековите права, претставници на политички партии, Основното јавно обвинителство и Казнено поправната установа- Идризово. Со средба на која се одредија видот на техниката и концептот на подготовката на предлог-измените, започна процесот на изготвување на законска регулатива за семејно насилство во Република Македонија.

*„10 години ЕСЕ. Малку – многу, како за кого. Впрочем, сè може да се релативизира, па дури и времето. Но, не секогаш и не во случајот на една од првите невладини организации во Р. Македонија, која за само една деценија постоење и дејствување за жените успеа да направи како да дејствувала многу подолго иако тоа го правеше во отежнато, општествено, економско и политичко живеење*
*Имено, за кратко време по своето основање ЕСЕ успеа севкупната своја активност да ја насочи кон проблемите на жените, но на еден поинаков начин од дотогашното третирање на истите. Но, она што е уште поважно, и што веројатно ќе биде запишано во историјата на невладиниот сектор на Македонија е тоа дека ЕСЕ го направи првиот, пионерскиот чекор кон свртувањето на општествената, научната и стручната јавност во земјата кон проблемот на насилството во семејството, а со тоа и кон неговото решавање. Нејзиниот придонес е непроценлив кон иницирањето на законското регулирање на оваа материја, а само благодарноста на жртвите на ова насилство е тоа што го засилува акцентот за правната, медицинската, човечката помош и поддршката што ја добиваат од оваа организација".*

***Д-р Виолета Чачева,***
***Институт за социолошки и политичко –правни истражувања***


The American Bar Association
Central and East European Law Initiative
(CEELI)



Analysis of the Draft Domestic Abuse Amendments to the Law on Civil Procedure, Family Law, Law on Criminal Procedure, and Criminal Code for the Republic of Macedonia

September 14, 1999

*„Кој има проблеми со насилство го упатувам во ЕСЕ да оди! ЕСЕ е хумана и поучна организација. Кога и да тропнеш од сите вработени со насмевка ќе бидеш пречекан, сите се трудат да ти помогнат. ЕСЕ ги реши сите мои проблеми, а и Вие кои трпите насилство обратете се до ЕСЕ и вашите проблеми ќе бидат решени. И понатаму животот ќе тече со ЕСЕ”!*

***Елица Ѓорѓиевска, корисничка на услуги на Центарот за правна помош - Скопје***

## 1999 – 2000

подготвен и **прирачник “Женските права како дел од општите човекови права”**, во кој се опишани позитивните законски одредби во неколку правни области, како и листа на релевантни институции од правниот систем на РМ.

Проектот “Лобирање на законска регулатива за семејно насилство”, продолжи со **финализирање на процесот за подготовка на предлог - измените и подготовка на образложението и експертско мислење** од страна на американската адвокатска комора. Американската адвокатска асоцијација / правна иницијатива за централна и источна Европа подготви експертско мислење по однос на предлог-измените и истите ги оцени како извонреден чекор напред кон сузбивањето и превенирањето на проблемот на семејното насилство во Република Македонија.

**Воведен дел од експертското мислење:**
*“Севкупно, предложените амандмани за семејно насилство кон Законот за парнична постапка, Законот за семејство, Законот за кривична постапка и Кривичниот законик на Република Македонија претставуваат значаен чекор напред кон сузбивањето на семејното насилство во Македонија. Применливоста на граѓанските и кривичните санкции ќе овозможи жртвите од домашното насилство да се заштитат самите себе си како и нивните деца од натамошна злоупотреба. Конечно, одредбата која го инкриминира непочитувањето на наредбата за заштита е одлична одредба, бидејќи засилено го потенцира семејното насилство во Македонија.”*
Потоа следуваше организирање на јавна расправа и подготовка на финалната верзија. Со цел презентирање на предлог-измените на пошироката јавност ЕСЕ, со поддршка од локалните женски организации, организираше низа тркалезни маси низ републиката.

## 2000 - 2001

Како дел од веќе започнатиот процес на лобирање за законска регулатива за семејно насилство, **ЕСЕ започна со едукација на различни професионални групи кои директно или индиректно работат на проблемот на семејното насилство**. За таа цел подготвен е прирачник: “Стратегии за борба против семејното насилство” и одржани беа три семинари.
Министерството за правда ја покажа својата детерминираност и волја да изврши реформа на Кривичниот законик вклучувајќи ги и предложените измени од ЕСЕ, што претставува единствен пример во Регионот. Преземени беа значителни акции со цел внесување на одредени измени, како: внесување на дефиниција на поимот на семејно насилство; внесување на одредени предлози на поединечни кривични дела кои беа поврзани со овој вид на насилство; инкриминација и одредување на казна затвор


ГРАЃАНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ

Со закон против семејното насилство

*Во Македонија повеќе од две години, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, работи на донесување Закон за семејно насилство*

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија Ве повикува да земете учество на

ЈАВНА РАСПРАВА

по предлог-измените на Кривичниот законик, Законот за кривична постапка и Законот за парнична постапка со цел регулирање на проблемот на семејно насилство

Јавната расправа ќе се одржи во хотел "Континентал" на 29 септември со почеток во 10 часот.

Активноста е финансиран од страна на British Know How Fund

Дебата за семејното насилство

за одредени кривични дела кои резултираат со телесна повреда и тешка телесна повреда и намалување на обвиненијата за жртвите кои посегнале по животот на насилникот како резултат на семејното насилство. Согласно на социо-економската ситуација и промените во сферата на правниот систем, ЕСЕ ја увиде неопходната потреба од воведување на концептот за давање на бесплатни правни совети на оние на кои им се најпотребни, преку отворање на Центар за правна помош. Во тој правец беа преземени низа активности: шестдневна скроена консултација со експерт од дадената област, воспоставени се начелата и принципите за работа, подготвени се и развиени неопходните правни и други материјали и воспоставени се контакти со релевантни партнери- АБА/ ЦЕЕЛИ и Адвокатската комора на РМ.

## 2001 – 2002

Правната едукација беше насочена кон подигање на степенот на правната писменост на општата популација, за правата на жената како дел од општите човекови права и имплементација на истите права. За таа намена се изврши прибирање и селектирање на постоечките закони од неколку области на правото, кои се сублимираа во **практичен прирачник "За сигурна насока"**, со цел на јасен и едноставен начин да ги информира граѓаните за нивните права заштитени со закон. Потоа, во соработка со неколку локални женски НВО, беа реализирани 54 тркалезни маси, наменети за жени како од градска, така и од рурална средина.

Правната едукација наменета за професионални групи, се надополни преку одржување на еден семинар наменет за професионалната група на здравствени работници.
Идејата за отворање на центар за правна помош, се дооформи преку прибирање на позитивни искуства од работењето на други центри во Регионот.

## 2002 – 2003

Во овој период, ЕСЕ интензивно работеше кон јакнењето на капацитетите на професионалните групи на жени-правници со цел развој на идните стратегиски планови во програмското делување на женските професионални групи. Во рамките на оваа програмска активност организирани беа три обуки, наменети за новоформираното здружение на жени-правници "ТЕМИС".

**Центарот за правна помош започна со својата работа**, и во текот на овој период се стремеше да го афирмира концептот на бесплатна правна помош преку: бесплатни правни совети преку телефон и бесплатни правни застапувања, вклучувајќи го и подготвувањето на потребните правни писма.

Како предмет на работењето на ЦПП, беа определени правни области од семејното право, имотно правните спорови, наследни спорови, покренување на постапки за кривично гонење како и давање на психо-социјална помош на жртвите на семејно насилство. Со цел да се обезбеди ефективно работење и секојдневно следење на случите кои

*„Во ЦПП се јавив откако дознав преку локалниот медиум. Во канцеларијата бев многу добро примен од целиот тим, и добив психо-социјална и правна помош. Мојот проблем беше разгледан, а преку судот во Тетово се водеа две постапки: за развод на бракот со сопругата со која со години имав проблеми, како и за присилна наплата на досудената издршка за децата.*
*Со посебно ангажирање на адвокатот тие постапки успешно завршија, и јас сум многу благодарен што со залагање на целиот тим мојот животен проблем беше најдобро решен".*

***Од С.М. 39 години, корисник на услуги на Центарот за правна помош - Тетово***



# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

(18) Како моторно возило ... сообраќајно средство ... погон во сувоземниот, водниот и воздушниот сообраќај.

(19) Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК



AMERICAN BAR ASSOCIATION
CENTRAL AND EAST EUROPEAN LAW INITIATIVE
(CEELI)



THE CEDAW ASSESSMENT TOOL:

*AN ASSESSMENT TOOL BASED ON THE CONVENTION TO ELIMINATE ALL FORMS OF DISCRIMINATION AGAINST WOMEN (CEDAW)*

The RIGHTS CONSORTIUM
Funded by USAID
January 2002

*„За Центарот за правна помош дознав преку пријатели и се јавив да побарам помош во врска со долгогодишниот проблем со мојот поранешен сопруг. Во центарот ја добив психолошката поддршка, а пред судот во Тетово се поведе кривична постапка во која мојот поранешен сопруг кој психички ме малтретираше и ме тепаше си ја доби заслужената казна. Многу сум благодарна на целиот тим од ЦПП за укажаната помош која бесплатно ми беше овозможена"*

***Од Н.Р. 55 години, корисничка на услуги на Центарот за правна помош - Тетово***

се обратиле до ЦПП, креирана е база на податоци.

За афирмирање на ЦПП, беа испечатени брошури и постери насловени како " За сигурна насока"!

**2003 - 2004**

Постоечкиот ЦПП кој веќе оперира во рамките на ЕСЕ продолжи со своето редовно функционирање. Правната помош вклучува правни совети, подготвување и комплетирање на правни документи и застапување пред суд, додека психо-социјалната поддршка и помош вклучува емоционална поддршка со психо-социјално советување и информации за сите постапки кои се водат пред Центрите за социјална работа. Практика на работата на ЦПП е жените жртви на семејното насилство, првично да добијат психо-социјална помош, за да се овозможи жртвата да ја поврати својата самодоверба и да донесе правилна одлука. **Доменот на работење на центарот се прошири** со преземање на кривични предмети кои се гонат по приватна тужба, што претставува дополнителна можност за заштита на жртвите на насилство базирано на пол.

Со оглед на позитивните резултати добиени од оперирањето на ЦПП Скопје и земајќи го во предвид фактот дека овие услуги не се достапни за граѓаните од источниот и западниот дел од РМ, **ЕСЕ го прошири доменот на работа со отворањето на два локални правни центри, во Тетово и Штип**. Во насока на афирмирање на работата на центрите, беа реализирани низа афирмативно - едукативни семинари, во различни региони од источниот и западниот дел на земјата. Исто така подготвени се и отпечатени брошури, постери и картички насловени: "Заедно со вас на патот до правдата", на македонски и на албански јазик.

Тргнувајќи од фактот дека нашата држава е потписник на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жената (CEDAW), а со самото тоа и обврзана во одреден временски интервал да подготвува периодични извештаи за положбата на жената во Македонија, ЕСЕ во согласност со можноста која ја имаат НВО го прифати предизвикот за **подготовка на независен извештај во сенка**.

CEDAW извештајот, како целина, е составен од два дела, односно потребна е поединечна подготовка на правна и фактичка анализа. За таа цел беа формирани два тима: De iure со кои беше спроведена обука за значењето на CEDAW конвенцијата и развој на методологија за подготовка на независен извештај во сенка во Р. Македонија. Правната анализа, која ја спроведе De iure тимот, подразбира анализа на усогласеноста на правната регулатива на Р Македонија со одредбите на Конвенцијата. Анализата се темели на обработка на 66 прашања кои се однесуваат на законските и подзаконските акти донесени во Македонија од 1990 г. до 2004 г. De facto тимот ја анализира фактичката улога на жената во нашата држава. Предмет на оценка е нивото на фактичката рамноправност меѓу двата рода. За успешно реализирање на предвидената анализа, овој тим го надогради своето знаење низ низа дополнителни обуки.

ЕСЕ со години наназад работи на




менување на законската регулатива со цел санкционирање на семејното насилство во Македонија и воведување на граѓански мерки за заштита. Во таа насока, ЕСЕ и во овој период презеде низа активности за лобирање на измени за соодветно регулирање на појавата на семејното насилство, за **конечно во 2004 год., да бидат усвоени измените во Кривичниот законик и Законот за семејство**. Користејќи ги формите на застапување и лобирање во заштита на интересите на целната група, ЕСЕ успеа да се избори за законско решавање на проблемот на семејното насилство. Но, иако овие измени претставуваат огромен исчекор во сузбивањето на оваа појава, не се доволни за негово целосно и сеопфатно решавање. Затоа ЕСЕ, пред донесувањето на Законот за семејство, на низа средби лобираше со своите Предлог амандмани на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството со Предлог на закон, кај соодветните тела на Собранието и кај поединечни пратеници. По донесувањето на Законот, ЕСЕ незадоволно од усвоените амандмани, **поднесе иницијатива до Уставниот суд** за оценување на уставноста на одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството.

Оваа година поднесените предлог-измени на неколку постоечки закони (Кривичен законик и Закон за семејство) беа преточени во законски решенија. Со стапувањето на сила на одредбите предвидени во Кривичниот законик на РМ, за прв пат во нашата земја се дефинира и се регулира појавата на семејното насилство, опфаќајки ги сите негови облици – психичко, физичко и полово насилство.

Покрај решенијата понудени во рамките на Кривичниот законик постојат и соодветни мерки од граѓанска природа, кои се комплементарни со гореспоменатите, а значат градење на целосен систем на заштита на жртвите на семејно насилство во нашата земја. Ваквиот систем на заштита се овозможи со измените и дополнувањата во Законот за семејство, усвоен од Собранието на Р. Македонија на 10ти јуни 2004 год.

Центарот за правна помош продолжи со своето редовно функционирање, преку континуирано следење на секој од предметите. Бројот на корисници во оваа година значајно се зголеми како резултат на усвоените кривично - правни и граѓанско правни решенија. Воедно бројот на жртви на семејно насилство, за кои беше одлучено целосно судско застапување, се зголеми исто така. Стручниот тим при Центарот за правна помош подготви 7 кривични пријави, од кои три се однесуваат на телесна повреда согласно новите законски измени во Кривичниот законик.

Соработката со Центрите за социјална работа во овој период се интензивираше, со оглед на нивниот нов мандат по однос на случаите на семејно насилство, регулиран во Законот за семејство.

Како резултат на серии афирмативно–едукативни активности и пошироки кампањи за афирмирање на новите законски измени и



Член 102

Центарот за социјална работа ќе поднесе барање за изречување на привремена мерка за заштита од семејно насилство до судот за малолетни и деловно неспособни лица секогаш кога родителот, старателот или законскиот застапник тоа нема да го сторат.

Центарот за социјална работа, барањето од ставот 1 на овој член, за полнолетни и деловно способни лица, ќе го достави до судот, само со согласност на жртвата на семејното насилство.

**Привремена мерка за заштита од семејно насилство**

изречување на привремена мерка со предлог на мерка.

Член 104

Центарот за социјална работа, доколку има сознанија дека се извршени дејствија од членот 99 на овој закон поднесува барање до надлежниот суд за изречување на привремена мерка, со која судот може на сторителот на семејното насилство да:

1) забрани да се заканува дека ќе стори семејно насилство;

2) забрани да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно;

3) забрани да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството;

4) одреди отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од надлежниот суд;

5) забрани да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено;

6) го задолжи да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;

7) изрече задолжително издржување на семејството;

8) нареди тужениот да посетува соодветно советувалиште;

9) нареди задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување;

10) го задолжи да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство и

11) изрече која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.

# ПРОГРАМА ЗА
# ЗГОЛЕМЕНО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ
# ВО ПОЛИТИКАТА И ОДЛУЧУВАЧКИТЕ
# СТРУКТУРИ



## 1995 - 1996

Беа направени првите чекори на полето на подигањето на свеста меѓу професионалните структури, односно правниците. Одржани беа неколку семинари со цел запознавање на оваа група со појавата и начинот на регулирање на оваа појава во Македонија и компаративните законодавства. Паралелно се организираше и семинар наменет за женските невладини организации за начинот на пружање на помош на жените -жртви на семејно насилство, организиран во соработка со Застапниците на човекови права од Минесота.

## 1997 - 1998

Овој период беше посветен на **едукација на активистките од женските НВО, и на жените политичарки**. Спроведени се шест семинари, се со цел да се да се зајакнат жените во политичките партии.

Едукативните активности продолжуваат **преку 15 реализирани семинари**, опфаќајки најразлични теми, од "Основи на собирање средства и контакт со гласачите", преку "Градење на стратегија" се до "Проценка на избори". Сите овие активности имаа за цел воспоставување на основи на стратешко дејствување за поголем број жени во политиката на следните парламентарни избори, односно да се дадат основните насоки во **внатрепартиското лобирање за поголемо учество на жените во одлучувачките органи во партијата**.

## 1998 - 1999

Со цел да се поддржат жените кандидатки на Парламентарните избори 1998, беше спроведена **кампањата: "Гласајте за жените"**, која опфати низа активности. Во тој контекст беа реализирани две истражувања, а остварени се средби со новинари, средби со жени од политички партии и со политички лидери, подготвен е и дистрибуиран постер, остварени се два семинари со политичките партии и 4 трибини со мотото "Кога жените гласаат, жените победуваат". Круна на кампањата беше **Манифестацијата "ЗА повеќе жени во политиката"**, на која учествуваа 1000 претставнички и претставници од политичките партии во Р. Македонија. Воедно беше презентирана стратегија "За повеќе жени во политиката", која беше прифатена од сите жени од сите политички партии. Исто така беше презентирана декларација потпишана од лидерите на политичките партии и беше промовиран фонд за жените кандидатки на следните избори. Оваа манифестација ги здружи жените од различните политички партии со различни идеологии и различна поставеност во системот на моќта да имаат една заедничка цел - повеќе жени во политиката. Политичките партии за првпат направија спотови преку кои ги презентираа своите согледувања на жените, учеството во политиката како и нивното учество во општествениот живот. Воедно се покажа дека кога се говори за заеднички резултати, женската солидарност секогаш е присутна.

*"Кога зборувам за организација која дала исклучителен придонес во јакнењето на женското движење во Македонија во изминативе 10 години секогаш прво помислувам на ЕСЕ. Просторот не ми дозволува да ги набројам сите нивни успеси, затоа само ќе напоменам дека голем број од учесниците кои поминаа низ едукацијата на ЕСЕ денес се препознатливи и успешни политичарки. Успехот на овие жени е успех на тимот на ЕСЕ. Им го честитам јубилејот и им посакувам уште многу вакви успеси."*

***Јована Тренчевска, активистика во програмата за Зголемено учество на жените во политиката и одлучувачките структури***




*“Во едно општество каде жената е на самите маргини кај поголемиот број општествени групи; каде родовата рамноправност е сеуште само визија на неколкумина, постојат многу организации кои им пружаат помош на жените. Овие организации се обидуваат да им го пружат на жените она што општеството заборава дека им е потребно и дека им следува. Но, меѓу сите тие организации ЕСЕ не се задржува само на помошта кон жените, туку е една од ретките организации која се обидува да ги оспособи жените самите да си го обезбедат она што им е потребно и навистина да станат независни и рамноправни. Јас сум ѝ благодарна на Организацијата за целото знаење, вештините и можностите кои ми ги пружи да работам како обучувач за подигање на капацитетот на младите жени во политиката. Покрај тоа што ЕСЕ ме опреми со сè што ми е потребно за да знам и пренесам како жената може да влијае врз одлуките во општеството, ми овозможи тоа знаење да го пренесам во мојата средина и со тоа реално младите жени кои решиле да учествуваат во политиката да добијат поголеми можности за ефективно учество. Ја поздравувам Организацијата и è посакувам од сè срце ус   пешна работа во иднина, а јас самата би била пресреќна кога би можела со мојот капацитет да придонесам кој остварувањето на визијата на ЕСЕ.”*

***Александра Бојаџиева,***

***активистика во програмата за Зголемено учество на жените во политиката и одлучувачките структури***

**1999 – 2000**

Едукацијата за жените - членки на различни политички партии,и во овој период претставуваше продолжена активност на програмата, но со поширока целна група**.** Беа оддржани обуки и семинари  и за членовите на подмладоците на политичките партии и работилници со јавноста. Учесничките на семинарите беа охрабрувани самите да  држат обука на своето членство. Така на две политички партии им беше **дадена стручна помош во организирање на трибини и обуки** кои имаа за цел да го промовираат учеството на жените во политиката.

**2000– 2001**

Во текот на оваа година покрај веќе стандардните едукативни активности за членовите на политичките партии и нивните подмладоци, релациите меѓу ЕСЕ и политичките партии се поставија на поформално ниво. Остварени беа неколку состаноци со делегирани претставници од политичките партии при што беше подготвена програма за работа со волонтерска група, која треба да се состои од членови на политички партии и членови кои не припаѓаат на политички партии, но со посебен интерес за жените во политиката.

Во овој период беше **спроведено истражување** со цел утврдување на начинот на кој жените политичарки се претставени во медиумите, при што во текот на неколку месеци секојдневно беа издвојувани исечоци од “Утрински весник” и “Дневник”. Во оваа година и во контекст на локалните избори, ЕСЕ во соработка со Институтот Отворено општество-




Македонија и Институтот Евро Балкан го спроведе **проектот "Гласај без предрасуди".** Со цел да се влијае во охрабрувањето на гласачите да гласаат за жени кандидатки, беше снимен и емитуван спот, а воедно и се подготвија и дистрибуираа брошура и постери со истото мото. Најпосле, беше организирана средба со цел да се изврши проценка на изборите, со проценка на жените од политичките партии. На средбата учествуваа претставнички на политичките партии, кандидатки за градоначалнички и советнички како и жени активно вклучени во партиските штабови за изведба на кампањата.

Од друга страна, со цел да се формира регионална мрежа, во овој период се спроведе и **Проектот: Југоисточна-европска лидерска иницијатива: Дијалог за акција-Жени лидери за 21-виот** век и градење успешна стратегија за локално, регионално и меѓународно партнерство за демократија. Партнери во проектот "СЕЕЛИДА" беа: "Values" - Софија, Бугарија; "ЕСЕ" - Скопје, Македонија и "Greek association for European and Atlantic cooperation" - Атина, Грција. Во рамките на проектот реализирани беа три едукативни семинари, формирана беше база на податоци од десет земји (Македонија, Бугарија, Грција, Турција, Романија, Југославија, Албанија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Словенија), и истата е достапна на Интернет. Спроведено е истражување според унифициран прашалник и утврдена методологија. ЕСЕ го спроведе истражувањето за Македонија со наслов: "Жените во Република Македонија-Тенденции за развој"!

## 2001 - 2002

Она што го одбележува овој период, покрај продолжувањето на едукативните активности, е посветеноста на јакнење на позицијата на жените во политичките партии во изборниот период, преку организирање и учество на низа трибини посветени на учеството на жената во политиката. **Спроведено беше лобирање и кампања за членот 31 од Законот за избор на пратеници во рамките на Македонското женско лоби**. Остварено беше **лобирање за пропорционалниот изборен систем** во повеќе изборни единици, при што беше организирана **тркалезна маса** на тема: "Застапеноста на жените во одлучувачките структури и влијанието на изборните системи врз истата", на која предавач беше Ричард Е. Матланд, професор на универзитетот во Хјустон, Тексас, САД.

Од извадоците од "Дневник" и "Утрински весник" во периодот септември 2000-март 2001, е приготвена книгата **"Хронологија на едно време",** која се однесува на хронологијата на политичките случувања. Целта на книгата е да се прикаже малата застапеност на жените-политичарки во медиумите.

## 2002 - 2003

Сетот предвидени едукативни активности, со жените од политичките партии, членовите на нивните подмладоци и со јавноста беше реализиран и во овој период. Пред и за време на изборниот период, спроведени беа низа активности. **Одржана е трибината** "НВО, медиумите и жените од политичките партии – креирање на стратегија за парламентарните избори", на која присуствуваа претставнички на политички партии, претставници/чки од одлучувачките структури на политичките партии, НВО и како и уреднички/ци од медиумите. **Остварени се средби со женските организации од сите политички партии** на кои беше договорена стратегијата за поддршка во јавните настапи. Воедно беше подготвена и анализа на бројот на кандидираните жени и нивните позиции на кандидатските листи, а се изготви и коментар од родов аспект на партиските програми, вклучувајќи го третманот на жените во истите.







Заради презентација на глобалните тенденции на развојот по однос на прашањето за родовата еднаквост, се одржа **Регионалната конференција** “Предизвици за соработка”, на која присуствуваа членови на 15 невладини организации од: Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора, Бугарија, Косово, Албанија и Македонија.

Од друга страна, ЕСЕ во својот десетгодишен период работеше на многу надворешни проекти, притоа имплементирајќи проекти во коалиција со партнерски организации од Република Македонија. Во овој контекст, со поддршка на Норвешката народна помош во Република Македонија ЕСЕ две други женски НВО организации на Република Македонија и Антико, започнаа со **имплементација на проектот: “Жените тоа го можат**”.

Главната цел на проектот беше да се поттикнат и мотивираат жените активно да учествуваат во политичкиот и јавниот живот, преку јакнење на нивните капацитети на национално и локално ниво. ( овој дел е последен пасус од 2002-2003)

## 2003-2004

Едукацијата на жените и мажите политичари продолжи и во овој период. Се стави акцент на теми, започнувајќи од застапување и лобирање до работа со медиуми и ТВ интервју.

Од друга стана, посебно внимание во овој период беше ставен на советувањата, кои беа насочени кон потребите на жените и подмладоците на политичките партии низ регионот по одредена тема. Беа оддржани советувања во 4 општини: Јегуновце, Прилеп, Дебар и Велес. За претставничките на невладините организации се одржаа три семинари.Темите кои се обработија беа посветени на неколку актуелни теми: децентрализација, семејното насилство во рамки на локалната самоуправа, техники и



водење на кампањи за поддршка. Со цел промовирање на позитивни мерки во изборниот закон и потребата од координирана активност за лобирање на квота од 30% учество на жените на листите за локалните избори, организирани се неколку мрежни средби, со координаторките на политичките партии, со жени на функции од политичките партии и со новинарки.

## 2004-2005

Во рамките на активностите од оваа година се организираа низа едукативни активности, се со цел подобрување на квалитетот и квантитетот на жените учеснички во политиката и одлучувачките структури. Продолжи практиката на одржување на советувањата,чија цел беше да се елаборира концептот на родовата машинерија и начините за нејзиното функционирање.

Од друга страна, се реализираше уште една фаза на проектот “Младите жени тоа го можат” чија цел беше да се поттикнат младите жени активно да учествуваат во политиката ,како на локално така и на национално ниво. Беше остварена обука за обучувачи, 8 локални семинари како и локални акции во контекст на локаните избори.Во исто време се оствари соработка на жените-кандидатки на локаните избори со повеќе млади жени низ Републиката.

# ПРОГРАМА ЗА БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО



*Честитки за работата на полето на подобрувањето на состојбата на жената. Проблемите се ставени на дневен ред и се работи на нивно решавање. Ние, покрај потребата од финансиска поддршка, имаме потреба и од вакви успешни здруженија кои се поискусни и кои знаат да работат.*

***Јелдс Али, Здружение на жени Турчинки, МАТУКАТ Охрид***




**1997 -1998**

Со цел да се информира јавноста дека семејното насилство постои и во Македонија, но и да се отвори дискусија меѓу стручната јавност за можностите за законско регулирање на оваа појава, се спроведе **првата кампања против семејното насилство – "Шепот".** Во рамките на оваа кампања се организираа повеќе семинари на кои Г-дин Давиде Беридге од Англија го сподели своето искуство по однос на механизмите на превенција и законско решавање на овој проблем. Спроведено беше **истражување меѓу младата популација за нивните ставови и мислења по однос на семејното насилство**. Резултатите од истражувањето се публикуваа во книгата "Реа Силвија", на македонски, албански и англиски јазик.

Формираните групи на НВО активисти, особено СОС линиите и група на правници продолжија со едукацијата, но овој пат на законските постапки кои ѝ стојат на располагање на жртвата на семејното насилство и улогата на НВО по однос на овој сегмент. За нив се одржани низа семинари, кои семејното насилство го третираат од разни аспекти. Објавен е Извештајот за прекршување на човековите права при акти на семејно насилство на Застапниците на човекови права од Минесота, чија подготовка беше потпомогната од наша страна.
Паралелно се работи и на подигање на јавната свест за постоењето на овој проблем, преку подготовка на брошурата **"Насилството не е само мој проблем".**

**1998 -1999**

**Едукативните активности за групите НВО активисти и правници** продолжуваат, преку организирање осум семинари, на различни теми - од промовирање на идејата за организирање и функционирање на прифатилиштето како институција, преку сведочење и презентирање на овој проблем од жртва на семејно насилство, до најчестите ментално здравствени проблеми на децата-жртви или сведоци на семејно насилство.

За жените кои живеат во семејство во кое насилството е евидентно, е подготвена брошурата "План за безбедност- за жртвите на семејно насилство кои остануваат во насилна средина", со практични информации за жените кои живеат во семејство во кое насилството е евидентно и "Направете чекор напред", брошура наменета на децата жртви или сведоци на семејно насилство.

Недостатокот од официјални информации за семејното насилство, и особено оние кои се однесуваат на правната разврска, резултираше во потреба да се **документираат случаите на семејно насилство**. Така, за адвокатите, судиите и приправниците од целата земја кои се членови на волонтерската група на ЕСЕ, беше подготвен формулар за евидентирање на поединечните случаи на жени- жртви на семејно насилство кои побарале правна разврска за својот проблем.








### 1999 -2000

На полето на **информирањето на женските организации и одговорните институции** во врска со основните информации поврзани со семејното насилство се одржаа шест семинари и се обработи и отпечати брошурата **“Зошто жените трпат насилство”**. Активностите со адвокати и правници, насочени кон документација на појавата на семејно насилство се прошириjа.

### 2000 – 2001

За да се подигне и продлабочи степенот на информираност на женските организации и одговорните инситуции во врска со основите на семејното насилство, преземени се повеќе активности.  Подготвена е брошурата  “Зошто жените трпат насилство”, која информира за профилот на жена која преживеала насилство и успешно ја решила својата состојба. Потоа, во соработка со локални женски НВО во три града, отпочна едукацијата на општата популација на ова поле. Реализирани се по шест работилници наменети за ученички во средни училишта, полнолетни и средовечни жени. Евидентната потреба за работа со младата популација продолжи со нивна едукација. **За студентската популација, од обата пола се спроведе обука** за природата, видовите, причините и последиците на семејното насилство во соработка со партнер-организацијата Адмира од Холандија.

Континуираното собирање податоци преку востановената соработка меѓу ЕСЕ и адвокати од приватна практика низ целата земја, преку пополнување на формулари за документација продолжува и во овој период. Податоците се кодификувани и како такви можат да послужат како неофицијална статистика за распространетоста и начинот на решавање на семејното насилство.

Со поддршка на УНИФЕМ, ЕСЕ во рамките на проектот: „**Лобирање на законска регулатива за семејно насилство”,** покрај   интензивната подготовка на законска регулатива за семејно насилство во рамките на правната програма, работеше и на утврдување на застапеноста и видовите на семејното насилство, како и на првата медиумска кампања посветена на законското регулирање на овој проблем. Затоа, ЕСЕ заедно со Институтот за политичко - правни и социолошки истражувања спроведе истражување насловено: **“Темната бројка на семејното насилство во РМ”.** Ова истражување до денеска се користи како единствен релевантен извор за оваа појава  на национално ниво. За 16-те дена на акција против насилството врз жените на ОН (25-ти ноември до 10-ти декември), ЕСЕ ја спроведе   **кампањата за законска заштита на жртвите на семејното насилство**  со наслов “Да сториме барем нешто”, која се состоеше од: подготовка и емитување на ТВ спот и радио порака, како и дистрибуција на постер и брошура под истиот наслов.

### 2001- 2002

Визуелизацијата на проблемот на семејното насилство продолжи да се спроведува преку две компоненти:

*„За изминатите десет години, во соработката со ЕСЕ, не можеш, а да не ја  почувствуваш стручноста, ентузијазмот и магијата што те тера да бидеш човек, и сето тоа да го пренесеш и на другите.”*

**Дивна Змејковска, волонтерка на 15 700 Национална СОС линија – Организација на жени-Скопје**









првата е одржување на едукативни семинари со теми од областа на семејното насилство за претставнички на други женски организации, а втора компонента на оваа активност е публикување брошури со теми од областа на семејното насилство. Публикувани се две брошури: “Насилството не е само мој проблем” (републикувана) и “Трансформација на жртва во победник”.
И во овој период продолжуваат активностите со адвокатите и правниците од приватната практика, за документација на случаите на семејно насилство.

За 16-те дена на акција против семејното насилство, од 25-ти ноември до 10-ти декември, ЕСЕ продолжи со кампањата за законска заштита на жртвите на семејното насилство, за која беше изработен постер и брошура/леток. Беа организирани две тркалезни маси, за членки на други женски НВО со адвокати и правници.

За **информирање и дискутирање на проблемот на семејното насилство со општата популација** како и во текот на претходната година беа реализирани 24 работилници на тема семејно насилство во соработка со локални женски НВО. За реализација на овие работилници изработен е **“Прирачник за работа со општа популација”.**

## 2002 – 2003

На полето на визуелизацијата на проблемот на семејното насилство, ЕСЕ одлучи да го **прошири кругот на организации– соработнич**ки кои понатаму ќе спроведуваат активности од областа на семејното насилство во нивните средини. Низа семинари беа испорачани за 8 нови женски НВО. Брошурата **“Насилството не е само мој проблем”,** беше преведена и испечатена на албански јазик. Понатаму, подготвена е брошурата **“Дали знаеш која врска е насилна?”** и лифлет со листа за проверка: **“Дали сте жртва на семејно насилство?”** со цел препознавање на оваа појава.

И оваа година во периодот од 25 ноември до 10 декември, ЕСЕ, спроведе кампања со која ги одбележа 16-те Меѓународни дена акција против семејното насилство. Подготовките за кампањата започнаа со формирање координативно тело составено од петнаесетина организации од цела Македонија. ЕСЕ подготви плакат и лифлет на македонски и на албански јазик. Покрај медиумскиот настап, одржана е јавна трибина на тема “Ретроспектива на активности спроведени во областа на семејното насилство”. Целта на оваа трибина е потребата за координирање на работата од оваа област и утврдување на следните чекори на делување. Активностите за едукација на општата популација продолжија со спроведување на вкупно 24 работилници во два града.

## 2003 -2004

Едукација на членки на локална организација за визуелизација на проблемот на семејното насилство заради проширување на опсегот на




вакви и други видови активности во нивната средина продолжи. Со неа се овозможи зацврстување на соработката помеѓу организациите и отворање можност за заеднички проекти за борба против семејното насилство. Наедно се промовираше начинот на работа и услугите кои ги нудат Центрите за правна помош на ЕСЕ. Подготвена е брошурата “Не по твоја вина” на македонски и на албански јазик.

Информирање на жените за проблемот на семејното насилство и иницирање на отворено дискутирање за проблемот кое се одвиваше преку одржување на 12 работилници. Покрај создавањето на услови за превенција, жените се информираа и за услугите кои Центрите за правна помош и Женскиот здравствен информативен центар на ЕСЕ им ги нудат.

ЕСЕ секоја година активно ги одбележува Меѓународните 16 дена активизам против насилството врз жените во периодот од 25 ноември до 10 декември. Одбележувањето на шеснаесетте дена се одвиваше на две нивоа, односно предвидени беа едукативни активности и медиумско покривање на кампањата. Во рамките на НВО саемот, ЕСЕ одржа **панел на тема: “Насилство врз жените - пречка за постигнување реална еднаквост: Десет години по Виена (1993 – 2003)”,** што значеше најава на конференцијата која беше предвидено да се одржи во периодот на кампањата. Конференцијата ги опфати следните поттеми:

Улогата и значењето на Одделението за рамноправност меѓу половите по однос на вклучување на родовите прашања во главните текови на општеството и насилството врз жените предвидено со Национален план за акција за рамноправност меѓу половите;

Основните меѓународни документи кои се однесуваат на човековите права со посебен осврт на женските права и обврските на Република Македонија кон исполнување на нивните одредби (извори, институции и процедури);

Обемот, видовите и начините на сузбивање на појавата на семејното насилство во РМ - активности преземени од страна на невладините организации за визуелизирање и решавање на оваа појава;

Трговијата со жени и активности преземени од страна на невладините организации за визуелизирање и решавање на оваа појава;

Сексуалното вознемирување и активностите преземени од страна на невладините организации за визуелирање и решавање на оваа појава.

Медиумскиот дел **од кампањата за прв пат беше насочен и кон жртвата на семејно насилство, со мотото “Не по твоја вина” и кон насилникот, со мотото “Запрашај се, не пресудувај”!** Материјалите за кампањата се состоеја од плакати, разгледници, брошури и видео спотови. Разгледниците и брошурата беа подготвени и на албански јазик. Беа подготвени и два видео спота (кои се обраќаа на насилникот и на жртвата, соодветно на целиот подготвен материјал) кои се емитуваа на националните телевизии Сител и А1, а подоцна и на државната национална телевизија, МТВ отстапи бесплатен простор за емитување. Исто така, беше подготвена и радио порака која се емитуваше на националното радио, Македонско радио. Плакатите беа дистрибуирани до сите пошти во Македонија (околу 120 пошти) и Клиничкиот центар во Скопје.

Исто така **ЕСЕ ја збогати кампањата со активности кои се преземаа во рамките на Светката кампања за превенција на насилство на Светската здравствена организација.** Носители на оваа кампања во РМ покрај ЕСЕ се: Министерството за здравство, Републичкиот завод за здравствена заштита, СЗО, ИООМ и УНИЦЕФ. За прв пат во Републиката се проговори за семејното насилство како јавно здравствен проблем.



# ЖЕНСКИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА



## 2004 - 2005

Како резултат на процесот на стратешко планирање беа редефинирани новите цели на програмата, со што едукативната компонента се надополни со афирмативни активности кои имаа за цел подигање на свесноста за постоењето на формален и неформален систем на заштита за жртвите на семејно насилство. Во рамките на оваа компонента беа преземени следните активности:

а) **Јакнење на капацитетите на Женските невладини организации кои работат на проблемот на семејното насилство**

За таа цел се организираа низа обуки поделени во два дела, од кои првиот се фокусираше на корпусот на женски човекови права, концептот на бесплатна правна помош и методологија на работа на центрите за правна помош. Вториот дел имаше за цел здобивање на практични вештини за работење со жртви на семејно насилство.

б) **Работилници за правна писменост наменети за општа популација**

Овие работилници беа наменети за млада и возрасна популација, и имаа за цел здобивање на теоретски и практични информации по однос на девет области: брачно право, семејно, наследно, имотно право, работни односи, социјална помош, кривично право, законската регулатива, и системи за заштита на жртви на семејно насилство.

в) **Промовирање на формален и неформален систем за заштита на жртвите на семејното насилство**

Со серија на објави во печатени медиуми, пошироката јавност беше информирана за новите усвоени законски мерки за семејно насилство од Кривичниот законик, како и за

Новите утврдени стратешки определби, како и целта кон која се стремат програмите за Правна едукација и акција и програмата за Борба против семејното насилство, придонесе за фокусирање на активностите во нова програма: Женски човекови права.

достапните системи за заштита до кои жртвата првично треба да се обрати.

Процесот на реализација на фактичката анализа беше спроведен низ следните методолошки постапки: -спроведување на интервју, организирање на фокус групи и користење на секундарни извори на информации.

Деветнаесет експерти од соодветните области кои ги опфаќа конвенцијата CEDAW беа интервјуирани, со цел давање на нивно експерстско мислење за фактичката положба на жената во Р. Македонија.

Со цел, вклучување на сите релевантни женски НВО во утврдување на фактичката положба, и инкорпорирање на нивната експертиза на одредени полиња од интерес за жената, беа реализирани две средби. На овие средби организациите го одредија начинот на кој истите можат да партиципираат во овој процес и тоа како: експерти кои ќе бидат интервјуирани, организатори на фокус групи, доставување на секундарни извори и идентификување на експерт или индивидуален случај.

Следствено на тоа беа организирани фокус групи со две утврдени тематски сценарија, општо и сценарио за образование. Секоја од тематските фокус групи беше спроведена со припадници на различни етнички заедници, од урбани и рурални средини.

Сознанијата од правната и фактичка анализа беа инкорпорирани и систематизирани во финален текст.

Воедно беше подготвена листа на точки на загриженост, и истата беше доставена до членовите на комитетот CEDAW при ООН –Њујорк.

*„За Центарот за правна помош дознав преку пријатели и се јавив да побарам помош во врска со долгогодишниот проблем со мојот поранешен сопруг. Во центарот ја добив психолошката поддршка, а пред судот во Тетово се поведе кривична постапка во која мојот поранешен сопруг кој психички ме малтретираше и ме тепаше си ја доби заслужената казна. Многу сум благодарна на целиот тим од Центарот за правна помош за укажаната помош која бесплатно ми беше овозможена”!*

***Од Н.Р. 55 години, корисничка на услуги на Центарот за правна помош - Тетово***







*" Мојата соработка со ЕСЕ се движи кон нагорна линија, што може да се види и од резултатите кои одат во полза на заштитата на правата на жената. Тимот кој е ангажиран е доста кооперативен и настојува да ги реши проблемите со кои жртвите на семејното насилство се соочуваат. Напорот што самата организацијата го прави не останува незабележан во републиката, а и пошироко, така што предизвикот е голем и тежок, но борбата продолжува..."*

***Адвокат Христа Најданов, волонтер во Центарот за правна помош, Скопје***

Претставнички од ЕСЕ имаа можност да присуствуваат на 33-тата сесија на комитетот CEDAW, како дел од специјализирана обука организирана од Inernational Women Right Action Watch, IWRAW- Asia Pacific.

Сознанијата од подготвениот Преглед на извештајот во сенка, претставничка на ЕСЕ ги презентираше на регуларната пред -сесија пред членовите на комитетот CEDAW.

Подготвениот извештај ќе биде предмет на разгледување на пошироката и стручната јавност. Истиот ќе биде отпечатен и поднесен до Комитетот CEDAW при Обединетите нации во Њујорк.

Како резултат на усвојувањето на новата законска регулатива за семејно насилство и новиот утврден мандат на релевантните актери во борбата против истото, се наметна потребата за унифицирање на начинот на постапување кај случаите на семејно насилство како на формалниот, така и на неформалниот систем на заштита.

Проектот **„Подготовка на протоколи, стандарди и правила за постапување во случаите на семејно насилство"** е иницирaн со цел подготовка на протоколи за постапување во случаите на семејно насилство индивидуално од секој инволвиран субјект, кои на крај ќе резултираат во обезбедување на единствен мултидисциплинарен и координиран систем на заштита. Во проектот се вклучени сите релевантни субјекти од формалниот систем на заштита (Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство) и неформалниот систем на заштита на жртвите на семејно насилство (организациите кои обезбедуваат директни услуги на жртвите на семејно насилство).

Во организација на Humanist Commitee on Human Rights, Netherlands (HOM) започна реализацијата на регионалниот проект **"Поддршка на женските права во Западен Балкан".** Фокусот е на семејното насилство како еден од главните проблеми со кои што се соочува жената во регионот. Цел на проектот е подготовка на истражување за семејно насилство, како и спроведување на активности кои ќе произлезат како приоритетни.

ЕСЕ го доби статусот на **"Национален монитор за насилство врз жената"**. Minessota Advocates for Human rights (MAHR) формира веб-страна како севкупен инструмент, кој ќе се користи од застапниците на женските права во Централна и Источна Европа, Кавказ, Централна Азија, Руската федерација, Монголија и Косово под протекторат на ООН. Вклучени во овој проект се 29 држави од споменатион регион. Веб-страната беше развиена во соработка со UNIFEM и Мрежата од Женските програми на Институт отворено општество.

ЕСЕ беше избрана на ниво на Македонија како монитор за целите и потребите на веб страната. Постојат четири основни форми на насилство врз жената: семејно насилство, трговија со луѓе, сексуална злоупотреба и сексуален напад.

Веб-страната ќе обезбеди средства, обуки и информации во прилог на застапувањето на женските права во споменатите држави за елиминирање на насилството врз жената.

# ПРОГРАМА ЖЕНИ И ЕКОНОМИЈА

**2004 - 2005**

Проблемот на невработеноста е еден од најгорливите прашања со кои се соочуваат пост-социјалистичките земји во последнава декада, при водењето на макро-економската политика во услови на прилагодување на стопанствата на овие земји кон пазарни услови на работење.

И покрај тоа што овие земји




помалку или повеќе успешно се справуваат (или веќе ги имаат решено) со голем дел од прашањата кои се битни во реструктуирањето и прилагодувањето на нивните стопанства кон пазарната економија по примерот на веќе успешни пазарни економии суптилно управувани со соодветни мерки на макро-економска политика од страна на државата, заедничко за сите нив е дека најмалку успешно се решава проблемот на невработеноста.

Проблемот на невработеноста беше и тема на консултативната работилница која се одржа во Будва-Црна Гора од 10-14.11.2004 во организација на Развојниот Фонд за жени на Обединетите Нации-УНИФЕМ, а со поддршка од невладината организација АЖИН (Асоцијација за Женски Иницијативи) од Белград-Србија. Целта на оваа работилница беше пред се да се разгледа проблемот на невработеноста во Југо-Источна Европа, меѓутоа од еден друг аспект: како невработеноста влијае на жените во овие општества.

Оваа работилница на која ЕСЕ учествуваше со свој претставник беше добар повод да се започне со креирање на економска програма која би дала свој придонес во решавањето на дел од овие прашања кои се од егзистенцијално значење за успешен развој на општеството во сите насоки и области.

Економската програма која допрва треба да се развива и имплементира е првобитно замислена со две свои основни компоненти:

**I-Компонента:**

Истражувања и публикување извештај/и за економско-социјални прашања на макро ниво кои директно влијаат и ја условуваат позицијата на жената во општеството, а кои директно произлегуваат од, и се поврзани со макроекономската и социјална политика на државата

**II-Компонента:**

Пронаоѓање можности за вработување на жртви на СН-социјални случаи-остварување економска независност

Треба да се истакне дека програмата е во свој зачеток, и сѐуште не започнала со реализација на предвидените компоненти, што од своја страна претставува предизвик за организацијата да ги вложи своите капацитети во развивањето и имплементацијата на програма која ќе ги третира овие прашања.

## ПРОГРАМАТА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЖЕНСКИТЕ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА

▼

## РАБОТА СО ШТИТЕНИЧКИ НА ЖЕНСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ КПД ИДРИЗОВО

▼

## ЕДУКАТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА РОДОВА СЕНЗИТИВИЗАЦИЈА СО СРЕДНОШКОЛСКА МЛАДИНА

▼









# Перспективи

## ОСТВАРЕНА ПОГОЛЕМА ПАРТИЦИПАЦИЈА ВО ВЛАСТА

Успехот што е постигнат со кампањата ЖЕНИТЕ ТОА ГО МОЖАТ е резултат на традицијата на женското движење во Македонија, смета извршниот директор на Работната група за родова еднаквост во Пактот за стабилност, Соња Лозар






**Покрај спроведувањето на програмите и дополнителните проекти ЕСЕ спроведуваше и други кои се во насока на реализирање на воспоставените цели.**

# ПРОГРАМАТА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЖЕНСКИТЕ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА

**2000-2002**

Во овој период започна спроведувањето на Програмата за јакнење на капацитетите на Женските невладини организации за здравствена едукација, чија цел беше развој и зајакнување на капацитетите на женските невладини организации за да се олесни и имплементира концептот за родовите односи и здравствено образование како и промовирање на здравјето меѓу жените во руралните области и приградските населби во Македонија. Средствата за реализација на програмата беа одобрени од страна на PHARE-Lien програмата, а партнер организации во нејзиното спроведување беа МЦМС од Македонија и Christian Aid од Велика Британија. Активностите кои се превземаа за реализација на оваа цел беа насочени кон институционално јакнење на осум женски невладини организации, преку формирање на 8 Ресурсни центри кои работеа на собирање на релевантни податоци за позицијата на жената во општеството. Во имплементирањето на програмските активности учествуваа осум женски невладини организации од Македонија, при што ЕСЕ ја имаше улогата на Централен ресурсен центар каде што се слеваа сите информации добиени од останатите 7 Ресурсни центри низ Македонија, лоцирани во СОЖМ, ООЖМ, САЖМ, Даја – Куманово, Престиж - Битола, ОЖ Штип и ОЖ Струмица.

Во насока на реализација на предвидената цел беа превземени низа активности.

**Институционално јакнење на осумте женски невладини организации, преку формирање на 8 Ресурсни центри.** Една од првите активности кои ги преземаа ресурсните центри беше собирање податоци за работата на женските невладини организации, со цел да се добие подобар увид во работата на женскиот невладин сектор во Македонија, проектите кои се спроведуваат, но и хуманите ресурси со кои располагаат организациите, како дел од нивниот институционален развој. Исто така, беше спроведена квантитативна анализа за третманот и позицијата на жената во 18 дневни и неделни весници.

Понатаму, секоја од вклучените организации, за дооформување и збогатување на постоечката библиотека изврши набавка на релевантна литература. Проектниот тим посети една обука и беше спроведена студиска посета на Бугарија, со цел размена на искуства и информации и отворање на можности за идна соработка на организациите од регионот.

**Активностите од областа на информирањето**, опфаќаа подготовка на сопствени веб-страници заради промоција и подобро запознавање со работата на вклучените организации, и подобрување и циркулација на информации преку издавањето на билтенот “Перспективи”, кој се издаваше двомесечно, во тираж 500 примероци, а се дистрибуираше низ целата Република до невладините организации, локалните самоуправи и владините институции. Билтенот имаше циркуларно уредништво, такашто секоја од организациите учеснички во програмата според определен редослед ја презема одговорноста за публикација на двомесечниот билтен, што придонесе не само за зголемување на вештините, туку и на чувството на сопственост и одговорност за билтенот меѓу организациите учеснички во програмата. Во текот на целата програма беа издадени вкупно 9 броја на билтенот.

**Обуката за Родови односи и развој,** е третата компонента на програмата. Беа спроведени два циклуси по 6 обуки, при што првиот се однесуваше на основните компоненти на Родовите односи и развојот, а вториот циклус за родови односи, развој и здравствена едукација, посветен на препознавање и разбирање на врската меѓу родовите односи и здравството.




## 2002-2004

Со оглед на високите оценки при надворешната евалуација, како и волјата на сите партнери во спроведувањето на програмата во претходниот двегодишен период, се пристапи кон подготовка на нова предлог-програма, како продолжение на претходната. Овојпат, целта беше, развивање вештини и знаења кај женските здруженија за примена на концептот на родовата еднаквост во заедниците преку развивање, промоција и спроведување иницијативи соодветни на нивната целна група.

Целта на програмата се реализираше низ повеќе активности. Со цел **развивање интерактивни вештини за дизајнирање и спроведување обуки за родови односи кај 16 локални обучувачи/ки,** беше спроведена обука од три модули за одбрана група идни обучувачи/ки. Стекнатото знаење и вештини, обучувачите/чките поделени во тимови, го пренесоа низ **спроведување програма за локални обуки за свесност за родовите односи.** Одржани беа вкупно 16 локални обуки.

Во насока на **зголемување на знаењето на 8-те вклучени женски невладини организации за можностите, за ресурсите и за иницијативите кои се однесуваат на родовата еднаквост во Македонија**, беа спроведени тематски средби со локални експерти по определени теми и иницијативи. Се одржаа 17 тематски работилници, на кои се презентираа различни области, како што се Моќ, одлучување и политика, Семејно насилство, Вклучување на родовата перспектива во главните текови на општеството, Нелегална трговија со луѓе, Сместување деца во други семејства, Правата на жената во продуктивниот процес, Родовите односи во медиумите, Сексуално вознемирување при вработување и на работно место, Родовите релации и ризикот од ХИВ/СИДА, Родовата рамноправност од аспект на најновите измени и дополнувања на Законот за работни односи на РМ, Родот и религијата, Ретроспектива на женското движење, Жената во политиката и Родова анализа на буџети.

Во однос на **зголемување на протокот на информации**, во и надвор од секторот и развивање на капацитетите на персоналот на вклучените организации за вештини за пишување и уредување, во овој период беа издадени 15 броја на на билтенот “Перспективи”, од кои 10 броја беа издадени со ротирачко уредништво, а преостанатите 5 броеви, ги издадоа ЕСЕ и СОЖМ, врз основа на отстапените уредувачки права на овие две организации.

Покрај заеднички активности, во програмата беше предвидена **поддршка на вклучените организации во развивање работни програми поврзани со родовата еднаквост релевантни за нивната целна група**. Секоја од вклучените организации разви индивидуален план за акција во форма на предлог проект. ЕСЕ својот акциски план го насочи кон продолжување на работата со структурите во КПД Идризово и го имплементираше низ активностите на проектот “Едукација на превоспитната и инструкторската служба во КПД Идризово, за разрешување конфликти”.




# РАБОТА СО ШТИТЕНИЧКИ НА ЖЕНСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ КПД ИДРИЗОВО

**2000-2001**

Во овој период ЕСЕ одлучи да го зголеми полето на дејствување на уште една група со посебен ризик, а тоа се жените затворенички. Така, во партнерство со Раководниот кадар на КПД Идризово и Дирекцијата за извршување на санкции при Министерство за правда, ЕСЕ започна со имплементација на проектот **“Кон ... стандардните минимални правила за постапување со затворениците”,** I **дел**. За штитеничките на женското одделение, беа реализирани 23 искуствено – едукативни работилници преку метод на групна работа. Подготвени беа радио порака и постер насловени: “Времето не застанува, не застанувај ни ти”. Во вид на книга беа подготвени и испечатени стандардните минимум правила за постапување со затворениците на Обединтетите нации; Европските затворски правила на Совет на Европа и Законот за извршување на кривични санкции на Република Македонија.




**2001 – 2002**

Работата со штитенички на женското одделение при КПД Идризово продолжи со реализација на проектот **“Кон ... стандардните минимални правила за постапување со затворениците”,** II **дел**. Во овој период извршена беше набавка на 5 машини за шиење за женското одделение при КПД-Идризово и реализирани беа курсеви за шиење наменети за работноспособни штитенички. Стекнувањето со практични вештини и знаења, ќе овозможи нивно понатамошно вклучување во процесот на вработување, по издржувањето на соодветната казна, а воедно ќе го олесни и самиот процес на нивна ресоцијализација.
Со цел да се влијае во подигање на степенот на почитување на минимум стандардните правила за постапување со затвореници, за службени лица од казнено поправните и воспитно поправните установи во РМ беше одржан еден семинар.

**2002 – 2003**

Во овој период активностите со жените штитенички во Казнено поправната установа Идризово, беа проширени и со активности наменети за затворскиот персонал и социјални работници од центрите за социјална работа, преку проектот Интегративни

*“И знај, времето не застанува! Доаѓа ден кога повторно ќе му се вратиш на својот живот, но на тој ден е важно да почувствуваш дека животот за тебе не бил застанат и дека годините што минале не се залудно потрошени. Ти ќе знаеш дека си го искористила на најдобар начин својот живот, можеби подобро од некој кој никогаш не се нашол на ова место, но засекогаш останал затворен во својата незаинтересираност и здодевност. Затоа, не застанувај! Продолжи го и живеј го животот најдобро што можеш на ова место. Тоа е твој живот и твое право! Времето не застанува, не застанувај ни ти!”*

***Дел од радио пораката наменета за жените-штитенички во КПД Идризово***



Дводневен семинар на ЕСЕ

# Работилници за обучување затворски персонал

ЗДРУЖЕНИЕТО за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, од денеска, во хотелот „Гранит“ во Охрид, организира дводневен семинар на тема „Комуникации и конфликти низ психолошки искуствено едукативни работилници наменети за службени лица во казнено и воспитно-поправни установи“. Семинарот е активност организирана пред почетокот на примената на меѓународните правила во секојдневната активност на затворскиот персонал во насока на создавање ефикасна и модерна затворска администрација.

Покрај работата со воспитниот кадар, во рамките на истиот проект, ЕСЕ во соработка со КПУ „Идризово“ и Министерството за правда спроведе и повеќе активности во кои се вклучени група жени - штитенички во установата кои се вклучени во курс за шиење и спроведени се 23 психосоцијални работилници, а е изработена и радиопорака и постер со мотото „Времето не застанува, не застанувај и ти“. (С.Кц)



Животот зад решетки

Животот зад решетки многу
И тогаш болка во срцето
Братите затворени со
Осамени моите денови се
Тешко и мрачно времето
Одеднаш секој не заборава
Тага и болка во срцето
Зошто никој тогаш не не
А никој не знае за
Дека мојата казна е
Робијашка сум и сум
Единствено во овој затвор
Што ќе ни е животот ако
Е тогаш ќе знам дека се
Тежок ќе биде животот
Ќе нема да не сака
И несакан за глупости
Е ако продолжам така
Морам да ги избришам
Несакам повеќе денови
Отсекогаш сум сакала да
Гордо да шетам и за се
Успехот мој не доведе
Така ни требаше е сега
Единствено несакам
Животот мој ќе почнам
Осамена повеќе нема
Ќе настојувам целиот

посети и работа со жените штитенички во Казнено поправната установа Идризово.
Со цел да се помогне низ еден поинаков пристап, жените штитенички што поактивно да се вклучат во превоспитниот процес и ресоцијализацијата за време на пеналниот период, како подготвување за што поуспешна реинтеграција во семејството во постпеналниот период, беа реализирани вкупно 12 семејни терапии.

Согледувајќи ги пречките за успешна реинтеграција, поврзана со соработката помеѓу казнените установи и Центрите за социјална работа во доменот на третирање на семејствата на штитениците за време на пред-пеналниот и пост-пеналниот третман, за претставниците од овие институции беше одржан заеднички семинар. За потребите на истиот беше подготвен прирачник: Психолошки основи на затворски третман.
ЕСЕ отпочна со реновирање на простории во рамките на КПУ Идризово, кои служат за редовни посети и на жените и на мажите штитеници, со цел да се направи погодно катче за семејни терапии или интимни разговори помеѓу семејствата и штитениците.

## 2003 - 2004

Со проектот: Обука на затворски персонал, се отпочна циклусот на обука на службените лица од казнено и воспитно поправните установи.
За прв пат активностите од овој вид, беа насочени кон затворскиот персонал од превоспитна, инструкторска и служба за обезбедување.

Проектот имаше за цел преземање на едукативни работилници со фокус на разрешување на конфликтни ситуации на различни релации.
За оваа цел беа преземени низа активности: беше обучен тим составен од службените лица од Казнено поправната Установа - Идризово, знаењата беа пренесени на поголем дел од затворскиот персонал, со што истите се здобија со вештини за развивање на техники и стратегиии за разрешување на конфликтни ситуации. За да се овозможи континуирана и сеопфатна едукација на целиот затворски персонал, оваа едукативна компонента, беше инкорпорирана во предлог-програмата на Центарот за обука, при КПУ-Идризово.



**РАБОТИЛНИЦА 3**

ОБРАБОТУВАЊЕ НА РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ НА РЕЛАЦИЈА
*СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ- ОСУДЕНО ЛИЦЕ*

МОТИВ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА РАБОТИЛНИЦАТА

Со оглед на тоа што следењето на поведението на осудените лица во пеналниот период е во континуитет од страна на службените лица, а оценувањето на истото го има приматот во многу стимулативни мерки и правни лекови, често пати се случува и покрај се, тоа што е нормирано со Закон за извршување на санкции, да дојде до одредени ситуации кои генерираат конфликти, на релацијата службено - осудено лице.

Имајќи го предвид фактот дека однесувањето на осудените лица го надминува во одредени ситуации професионалниот праг на толеранција на службените лица, а од друга страна поедини мерки предизвикуваат незадоволство кај штитениците, сето ова генерира конфликти, чие надминување е во интерес на двете спротивставени страни.

АКТИВНОСТИ И КОРИСТЕНИ ТЕХНИКИ

Ќе бидат користени психодрама техниките наведени во Работилница 1, се разбира со нивна адаптација, следејќи ги специфичностите на конфликтните ситуации и можните начини за нивно конструктивно разрешување, бидејќи станува збор за најсуптилна релација во КПУ.

Дополнителна психодрамска техника:

СОЦИОДРАМА

Истражување на значајни односи и релации помеѓу претставници на одредени социјални улоги.

***З А К Л У Ч О К***

Разршувањето на конфликтите во овие релации е носечка улога на успешноста на оперативните задачи. Ако успее службеното лице да го допре конструктот на позитивното јадро во личноста на осудениот, тогаш постои можност за склопување на мозаикот на животната енигма, чија содржина во себе го носи неприфаќањето на вината. Позитивниот трансфер треба да ја овозможи платформата и за позитивен фид-бек овозможувајќи на службеното лице поголема ефикасност во неговото делување, а на осуденото лице - прифаќање на кривичното дело, доживување на службените лица не како интердиктори, туку како луѓе кои го водат со сета своја професионалност и добронамерност процесот на ресоцијализација.







# ЕДУКАТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА РОДОВА СЕНЗИТИВИЗАЦИЈА СО СРЕДНОШКОЛСКА МЛАДИНА




Еден од основните приоритети во областа на жените и образованието според Националниот план за акција за рамноправност помеѓу половите (подготвен од страна на Владата на РМ во 2000г.) претставува елиминирање на родовата дискриминација во образованието. Раководејќи се од ова и земајќи го во превид фактот дека концептот на родовата еднаквост е сè уште непознат како за наставно-образовниот кадар во средните училишта, така и за средношколците кои ги посетуваат овие училишта, ЕСЕ го прифати предизвикот и одлучи да реализира едукативни програми за нивна сензитивизација.

**2003 -2004**

ЕСЕ го реализираше проектот: **Јакнење на свеста за родовите односи во средните училишта**, финансиски поддржан од Институтот за трајни заедници.

Проектот се имплементираше во соработка со две средни училишта со различна територијална положба, ДСПЕУ „Васил Антевски Дрен" од Скопје и ДСЕУ „8-ми Септември" од Тетово. Четири наставници од секое училиште и двајца директори на училиштата, беа обучени за основните принципи на родовиот концепт, во текот на циклус од две обуки. За 80 избрани ученици, беше организиран четиридневен зимски камп, кога наставниците се појавија во улога на обучувачи за родова еднаквост. По завршувањето на кампот овие едукатори на врсници (пеер едукатори), понатаму ги пренесоа своите знаења на своите врсници, низ едукативни работилници организирани во училиштата. Покрај ова, беше подготвена и брошура „Се тече, сè се менува". Овој пристап се покажа како мошне ефикасен при имплементирањето на прогами за млади од адолесцентната возраст.

**2004-2005**

ЕСЕ иницираше нов проект: **Насилство врз жената - Прекршување на човековите права**, финансиски поддржан од Делегацијата на европската комисија во Република Македонија. Проектот претставува надополнување на веќе стекнатите знаења за родовиот концепт и насилството базирано на пол, во двете училишта со кои ЕСЕ работеше во претходниот период. Следејќи ја методологијата за обука на наставниот кадар и организирање на заеднички камп со учениците, овој пат акцентот беше ставен на креативните техники за разрешување на конфликти и справување со насилството во врска и семејното насилство. Сите вклучени актери беа обучени за форум театар техниката, а учениците ќе подготват форум театар претстави кои ќе ги изведат пред своите соученици и локалната заедница.

Со оглед на важноста на темите и високите оценки од вклучените училишта, ЕСЕ реши овие активности да ги имплементира и во други средни училишта низ Македонија.





# ЕСЕ НИЗ БРОЈКИ - ПРОГРАМСКИ И ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ



# Програмска статистика

## Здравствена едукација и женско здравје

| | 1997-1998 | 1998-1999 | 1999-2000 | 2000-2001 | 2001-2002 | 2002-2003 | 2003-2004 | 2004-2005 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Семинари /обуки [1] | 3 | 9 | 6 | 11 | 18 | 8 | 24 | 10 | **89** |
| Работилници/тркалезни маси [2] | 18 | 40 | 52 | 118 | 24 | 25 | 22 | 4 | **303** |
| Публикации (истражувања, прирачници, брошури) | | 7 | 2 | | | 1 | 4 | 3 | **17** |
| Промотивен материјал (постери, лифлети) | | | | | | 1 | 38 | 7 | **46** |
| Кампањи | | | | | | 1 | 2 | 1 | **4** |
| Прес конференции | | | | | | | 1 | 2 | **3** |
| Директни услуги и помош [3] | | | | | | | 166 | 698*** | **864** |

- Во прегледот се вклучени и активностите од Програмата за јакнење на капацитетите на женските НВО во периодот 2000-2004

1 Семинарите и обуките се наменети за професионални групи (лекари, психолози, социјални работници..), студенти по медицина и ученици во средните училишта и НВОи кои работат на ова поле.

2 Работилници/тркалезни маси, се однесуваат на едукативни активности наменети за општа јавност, најчесто маргинализирани жени и жени од рурални средини и жени бегалки за време на Косовската бегалска криза, опфаќајки здравствена едукација за репродуктивно здравје, едукација за правилен раст и развој на детето, како и работилници за ментално здравје

3 Корисници/чки на услугите на Женските здарвствено информативни центри (Скопје,Штип и Тетово) и Информативниот Центар во Шуто Оризари

## Правна едукација и акција

| | 1996-1998 | 1998-1999 | 1999-2000 | 2000-2001 | 2001-2002 | 2002-2003 | 2003-2004 | 2004-2005 | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Семинари /обуки [1] | E | 11 | 3 | 6 | 1 | 5 | 27 | | **55** |
| Работилници/тркалезни маси [2] | | | 21 | | 97 | 14 | | | **132** |
| Публикации | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | | | **8** |
| Промотивни материјали | | | | | 1 | | 6 | | **7** |
| Кампањи | | | | | | | | | |
| Прес конференции | | | | | | 1 | 2 | | **3** |
| ТВ спотови и радио пораки | | | | | 1 | | | | **1** |
| Директни услуги и помош [3] | | | | | | 275 | 381 | | **656** |
| Тематски конференции | 1 | | | | | | | | **1** |
| Јавна расправа | | | 1 | | | | | | **1** |
| Учество во комисии за подготовка на определени закони | | | | 1 | 1 | | | | **2** |

- Во прегледот се вклучени и активностите од Работата со штитенички на женското одделение на КПД Идризово, како и Едукативните програми за родова сензитивизација на средношколска младина.

1 Семинарите и обуките се наменети за професионални групи (правници, адвокати, јавни обвинители, здравствени работници, наставници во средни училишта, затворски персонал и др.) и НВОи кои работат на ова поле.

2 Работилници/тркалезни маси се однесуваат на едукативни активности за општата јавност, како и работилници и курсеви со штитеничките од казнено поправната установа Идризово

3 Корисници/чки на услугите на Центрите за правна помош (Скопје,Штип и Тетово)

## Учество на жените во политиката и одлучувачките структури

| | 1997-1998 | 1998-1999 | 1999-2000 | 2000-2001 | 2001-2002 | 2002-2003 | 2003-2004 | 2004-2005 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Семинари /обуки [1] | 15 | 2 | 5 | 1 | 2 | 2 | 5 | 9 | **41** |
| Работилници/тркалезни маси [2] | | 11 | 4 | | 3 | 4 | 9 | 1 | **32** |
| Публикации | | 2 | | 1 | 1 | 1 | | | **5** |
| Промотивни материјали | | 1 | | 2 | | | | 3 | **5** |
| Кампањи | | 1 | | 1 | | | | | **2** |
| ТВ спотови и радио пораки | | | | 1 | | | | | **1** |
| Манифестација [3] | | 1 | | | | | | | **1** |
| Тематски конференции | | | | | | 1 | | | **1** |

1 Семинарите и обуките се наменети за политичарки и подмладоци (за група во просек 20-30) и семинари наменети за НВО (за групи во просек 20-30)

2 Работилници/тркалезни маси се однесуваат работилници, трибини и средби со новинари, со жени од политички партии, жени парламентаркисо политички лидери, со активисти од НВО кои работат на ова поле и со општата јавност
3 Манифестација “За повеќе жени во политиката”

## Борба против семејното насилство

| | 1997-98 | 1998-99 | 1999-2000 | 2000-2001 | 2001-2002 | 2002-2003 | 2003-2004 | 2004-2005 | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Семинари /обуки [1] | | 9 | 10 | 6 | 7 | 7 | 4 | | **43** |
| Работилници/тркалезни маси [2] | | | | 54 | 26 | 25 | 12 | | **117** |
| Публикации | 2 | 2 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | | **14** |
| Промотивни материјали | 1 | | | 2 | 2 | 5 | 26 | | **36** |
| Кампањи | 1 | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | **5** |
| Прес конференции | | | | 1 | | 1 | 2 | | **4** |
| ТВ спотови и радио пораки | | | | 1 | | | 2 | | **3** |
| Тематски конференции | | | | | | | 1 | | **1** |

1 Семинарите и обуките се наменети за професионални групи (правници, адвокати, јавни обвинители, здравствени работници, и др.), студенти и НВОи кои работат на ова поле.
2 Работилници/тркалезни маси се однесуваат на едукативни активности за општата јавност, најчесто жени урбани и рурални средини

## Женски човекови права

| | 1997-98 | 1998-99 | 1999-2000 | 2000-2001 | 2001-2002 | 2002-2003 | 2003-2004 | 2004-2005 | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Семинари /обуки [1] | | | | | | | | 14 | **14** |
| Работилници/тркалезни маси [2] | | | | | | | | 67 | **67** |
| Промотивни материјали | | | | | | | | 6 | **6** |
| Кампањи | | | | | | | | 1 | **1** |
| Прес конференции | | | | | | | | 1 | **1** |
| ТВ спотови и радио пораки | | | | | | | | 1 | **1** |
| Центар за правна помош | | | | | | | | 669 | **1325** |
| Извештај во сенка[3] | | | | | | | | 1 | |

1 Семинарите и обуките се наменети за професионални групи (правници, адвокати, јавни обвинители, здравствени работници, и др.) и НВОи кои работат на ова поле.
2 Работилници/тркалезни маси се однесуваат на едукативни активности за општата јавност
3 Извештај во сенка на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената (CEDAW) во Македонија
* Се однесува на вкупниот број корисници/чки на услугите на Центрите за правна помош (Скопје,Штип и Тетово), почнувајќи од 2002

## Вкупен преглед на програмски активности

| | 1996-1998 | 1998-1999 | 1999-2000 | 2000-2001 | 2001-2002 | 2002-2003 | 2003-2004 | 2004-2005 | **Вк.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Семинари /обуки | 20 | 31 | 24 | 24 | 28 | 22 | 60 | 33 | **242** |
| Работилници/тркалезни маси | 18 | 51 | 77 | 172 | 150 | 68 | 43 | 72 | **651** |
| Публикации | 3 | 13 | 4 | 4 | 6 | 5 | 6 | 3 | **44** |
| Промотивни материјали | 1 | 1 | | 4 | 3 | 6 | 70 | 16 | **100** |
| Кампањи | 1 | 1 | | 2 | 1 | 2 | 3 | 2 | **12** |
| Прес конференции | | | | 1 | | 2 | 5 | 3 | **11** |
| ТВ спотови и радио пораки | | | | 2 | 1 | | 2 | 1 | **6** |
| Директни услуги и помош [3] | | | | | | 275 | 547 | 1367 | **2179** |
| Тематски конференции | 1 | 1 | | | | 1 | 1 | | **4** |
| Јавна расправа | | | 1 | | | | | | **1** |
| Учество во комисии за подготовка на определени закони | | | | 1 | 1 | | | | **2** |
| Извештај во сенка | | | | | | | | **1** | **1** |
| Манифестација | | 1 | | | | | | | **1** |

# Табела бр. 1: Преглед на приходи по извори во периодот 1995-2005 во МКД.

| ГОДИНА/ДОНАТОР | 1995-1996 | 1996-1997 | 1997-1998 | 1998-1999 | 1999-2000 | 2000-2001 | 2001-2002 | 2002-2003 | 2003-2004 | 2004-2005 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МЦМС-Македонски центар за Меѓународна соработка | 169479- во капи-тални добра | | | | | | | | | | **169479** |
| МЦМС-Македонски центар за Меѓународна соработка | 643203 | 179405 | 507160 | | 1028362 | 403152 | 515748 | 953023 | | 214808 | **4444861** |
| DIA-Dutch Interchurch Aid | 534000 | 636000 | | | | | | | | | **1170000** |
| EWSF-Ecumenical Women's Solidarity Fund | 400500 | | | | | | | | | | **400500** |
| CRS-Catolic Relief Services | | 183645 | | | | | | | | | **183645** |
| USIC-United Stated Informative Service | | 466692 | 427769 | | | | | | | | **894461** |
| UNICEF | | 46998 | | 790224 | 485381 | | | | | | **1322602** |
| ICCO-Interchurch Organisation for development Cooperation | | 472442 | 3062866 | 2832351 | 2044198 | 4492705 | 3632860 | 3143366 | 6272230 | 6275220 | **32228237** |
| ФИООМ-Фондација Институт Отворено општество-Македонија | | 74319 | 193006 | | 94166 | | | | | 1021740 | **1383231** |
| Британска амбасада | | | 1235102 | | 699639 | | | | | | **1934741** |
| STAR Project-Strategies, raining and Advocacy for Reconcilition | | | 485336 | | | | | | | | **485336** |
| Westminister Foundation for Democracy-UK | | | | 675008 | | | | | | | **675008** |
| British Know How Fund | | | | 412524 | | | | | | | **412524** |
| IRC-International Rescue Commitee | | | | | 164810 | 215232 | | | | | **380042** |
| OSCE-Organisation for Security and Cooperation in Europe | | | | | 177800 | | | | 430194 | | **607994** |
| UNDP-UNIFEM-United Nation's Development Program, United Nations Development Fund for Women | | | | | 2253272 | | | | | | **2253272** |
| Global Fund for Women | | | | | 565407 | | | | | | **565407** |
| AGKED | | | | | 3105700 | | | | | | **3105700** |
| Global Ministries of Uniting Churches | | | | | | 1287374 | 873499 | 531075 | 602025 | | **3293973** |
| OSCE-ODIHR, Organisation for Security and Cooperation in Europe, Organisation for Democratic Institutions and Human Rights | | | | | | 220045 | | | | | **220045** |
| Stiching MAMA | | | | | | 110291 | | | | | **110291** |
| Values Foundation | | | | | | 747552 | | | | | **747552** |
| EED-Evangelischer Entwicklungsdienst | | | | | 412251 | 692912 | 2843130 | 3304285 | 5100872 | 5161716 | **17515166** |
| UNDP-Liasion Office-USA | | | | | | | 280828 | | | | **280828** |
| Geneva Global-USA | | | | | | | | 1596407 | | 1545199 | **3141606** |
| Norwegian People's Aid | | | | | | | | 1430140 | 1178731 | 830056 | **3438927** |
| American Bar Association-Central East European Legal Initiative-ABA CEELI | | | | | | | | 670457 | | | **670457** |
| IOM-International Organization for Migration | | | | | | | | 74280 | | | **74280** |
| HOM-Humanistich Overleg Mensenrechten | | | | | | | | | | 480396 | **480396** |
| EU-EIDHR, European Initiative for Democracy and Human Rights | | | | | | | | | | 1923946 | **1923946** |
| UNIFEM-United Nations Development Fund for Women-Regional Office | | | | | | | | | | 754653 | **754653** |
| Министерство за финансии на Република Македонија- Оддел за социјални инвестиции; Проект за развој на локална самоуправа | | | | | | | | | | 442248 | **442248** |
| **ВКУПНО** | **1747182** | **2059501** | **5911239** | **4710106** | **11030985** | **8169263** | **8146065** | **11703032** | **13584052** | **18649982** | **85711406** |

Во десетгодишниот период од работењето на организацијата, обезбедени се над 85 милиони денари (или околу 1,4 милион евра) од 31 организација

# Дијаграм бр. 1: Вкупни приходи на организацијата во периодот 1995-2005




Во периодот 1995-2005 година организацијата континуирано ги зголемува приходите за работење соодветно на зголемениот обем на активности

## Табела бр. 2: Приходи за програмско работење

| ДОНАТОР/ГОДИНА | 1995-1996 | 1996-1997 | 1997-1998 | 1998-1999 | 1999-2000 | 2000-2001 | 2001-2002 | 2002-2003 | 2003-2004 | 2004-2005 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ICCO | | | 3062866 | 2832351 | 2044198 | 4492705 | 3632860 | 3143366 | 6272230 | 6275220 | **31755796** |
| AGKED | | | | | 3105700 | | | | | | **3105700** |
| EZE-EED | | | | | 412251 | 692912 | 2843130 | 3304285 | 5100872 | 5161716 | **1710915** |
| **ВКУПНО** | | | **3062866** | **2832351** | **5562149** | **5185617** | **6475990** | **6447651** | **11373102** | **11436936** | **52376662** |

Организацијата започнува со програмско планирање и работење од 1997 година, и во континуитет до 2005 година ги зголемува приходите за поддршка на програмски активности

## Дијаграм бр. 2: Приходи за програмско работење период 1995-2005




## Графикон бр. 1: Годишни програмски приходи во однос на вкупни програмски приходи во периодот 1995-2005.




Програмските фондови растеа заедно со со програмските активности, така што тие се најобемни во последните три години (56% од програмските фондови се реализирани во последните три години).

## Табела бр. 3: Распределба на програмските приходи

| ОБЛАСТ/ПРОГРАМА | 1995-1996 | 1996-1997 | 1997-1998 | 1998-1999 | 1999-2000 | 2000-2001 | 2001-2002 | 2002-2003 | 2003-2004 | 2004-2005 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основање база на податоци | | | 235524 | | | | | | | | 235524 |
| Здравствена едукација | | | 586124 | 543714 | 1247755 | 510159 | 513937 | 527995 | 1242892 | 1243485 | 6416061 |
| Правна едукација и правна акција | | | 533968 | 627560 | 676484 | 767000 | 772680 | 793815 | 1472800 | 1473502 | 7117809 |
| Учество на жените во политката и одлучувачките структури | | | 517946 | 430701 | 1268523 | 691226 | 696344 | 715391 | 1103202 | 1103728 | 6527061 |
| Семејно насилство | | | 533968 | 408657 | 712798 | 744527 | 750040 | 770556 | 1836929 | 1837805 | 7595280 |
| Административни трошоци, плати, трошоци за Генерално собрание и Извршен одбор, ревизија | | | 655337 | 821719 | 1656589 | 2472705 | 3742989 | 3639894 | 4047511 | 4107852 | 21144596 |
| Обука на персоналот | | | | | | | | | 1669768 | 1670564 | 3340332 |
| **ВКУПНО** | | | **3062866** | **2832351** | **5562149** | **5185617** | **6475990** | **6447651** | **11373102** | **11436936** | **52376662** |

## Табела бр .4: Вкупни приходи од дополнителни проекти во периодот 1995-2005

| Вкупни приходи од дополнителни проекти за периодот 1995-2005-мкд | Вкупни приходи за програмско работење за периодот 1995-2005 | Вкупни приходи за периодот 1995-2005 |
|---|---|---|
| 33334744 | 52376662 | 85711406 |

## Дијаграм бр. 4: Вкупни приходи од дополнителните во однос на вкупните приходи од програмското работење 1995-2005.




Во десетгодишниот период 1995-2005, приближно 61% од остварените вкупни приходи се реализирани за поддршка на програмски, а околу 39% за поддршка на проектни активности.

## Табела бр. 5: Приходи од дополнителни проекти во периодот 1995-2005

| | |
|---|---|
| 1995-1996 | 1747182,0 |
| 1996-1997 | 2059501,0 |
| 1997-1998 | 2848373,0 |
| 1998-1999 | 1877755,0 |
| 1999-2000 | 5468836,0 |
| 2000-2001 | 2983646,0 |
| 2001-2002 | 1670075,0 |
| 2002-2003 | 5255380,5 |
| 2003-2004 | 2210950,0 |
| 2004-2005 | 7213046,0 |
| **ВКУПНО** | **33334744,5** |

## Дијаграм бр. 5: Приказ на приходи од дополнителни проекти во периодот 1995-2005




Диверзификацијата на фондовите е еден од показателите за оддржливост. Ваквата определба е во согласност со утврдената стратегија за развој на ЕСЕ. Во таа насока, учеството на фондот за дополнителни проекти дополнително се зголемува, односно од најниско учество (16% во 1999-2000) до приближно 50% во 2003-2004.

## Графикон бр. 2: Годишни проектни фондови во однос на вкупни проектни фондови за периодот 1995-2005.




## Табела бр. 6: Вкупни трошоци на организацијата 1995-2005

| ПРОЕКТ-ПРОГРАМА-ГОДИНА | 1995-1996 | 1996-1997 | 1997-1998 | 1998-1999 | 1999-2000 | 2000-2001 | 2001-2002 | 2002-2003 | 2003-2004 | 2004-2005 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Програма за работа | | | 2127927 | 2829885 | 4127146 | 4099678 | 6433192 | 6522468 | 9708886 | 10653624 | 46502806 |
| Проектни трошоци | 1393517 | 2387271 | 2848373 | 1877756 | 5468836 | 2983646 | 1670075 | 5255381 | 2210950 | 7213046 | 33308851 |
| **ВКУПНО** | **1393517** | **2387271** | **4976300** | **4707641** | **9595982** | **7083324** | **8103267** | **11777849** | **11919836** | **17866670** | **79811657** |

Вкупниот износ на програмски трошоци се разликува од вкупниот износ на програмски приходи за 5873855 мкд,разликата се однесува на последната програмска година (2005-2006) од програмата за работа 2003-2006 за активности кои сеуште не почнале да се реализираат.Овој износ е вклучен во програмските приливи бидејќи е реализиран во периодот 1995-2005.

## Табела бр. 7: Распределба на програмските трошоци

| ОБЛАСТ/ПРОГРАМА | 1995-1996 | 1996-1997 | 1997-1998 | 1998-1999 | 1999-2000 | 2000-2001 | 2001-2002 | 2002-2003 | 2003-2004 | 2004-2005 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основање база на податоци | | | 187518 | | | | | | | | 187518 |
| Здравствена едукација | | | 270558 | 543303 | 1015033 | 438850 | 451726 | 493884 | 1317267 | 1050879 | 5581500 |
| Правна едукација и правна акција | | | 551321 | 627149 | 764820 | 555731 | 745243 | 535027 | 1567988 | | 5307279 |
| Женски човекови права | | | | | | | | | | 2418159 | 2418159 |
| Учество на жените во политката и одлучувачките структури | | | 638600 | 430290 | 489000 | 70901 | 614949 | 1117382 | 361400 | 314950 | 4037472 |
| Семејно насилство | | | 519929 | 408246 | 231582 | 306198 | 416849 | 653131 | 1932445 | | 4468380 |
| Административни трошоци, плати, трошоци за Генерално собрание и Извршен одбор, ревизија, банкарска провизија | | | | 820897 | 1626711 | 2727998 | 4204426 | 3723044 | 4529786 | 5363187 | 22996049 |
| Обука на персоналот | | | | | | | | | | 1506450 | 2041303 |
| **ВКУПНО** | | | **2127926** | **2829885** | **4127146** | **4099678** | **6433193** | **6522468** | **9708886** | **10653625** | **46502807** |

## Табела бр. 8: Трошоци за директни услуги во однос на вкупни трошоци (период 1995-2005)

| | Вкупни трошоци | Трошоци за директни услуги | % |
|---|---|---|---|
| **1995-1996** | 1393517 | | |
| **1996-1997** | 2387271 | | |
| **1997-1998** | 4796300 | | |
| **1998-1999** | 4707641 | | |
| **1999-2000** | 9595982 | | |
| **2000-2001** | 7083324 | | |
| **2001-2002** | 8103267 | 734223 | 9,06% |
| **2002-2003** | 11777849 | 1751055 | 14,87% |
| **2003-2004** | 11919836 | 2585524 | 21,69% |
| **2004-2005** | 17866671 | 3933770 | 22,02% |

## Дијаграм бр.8: Трошоци за директни услуги во периодот 1995-2005




Под трошоци за директни услуги се подразбираат реализираните парични средства за пружање директна помош (услуги) на лицата кои се корисници на соодветната помош, како и трошоци кои индиректно овозможуваат да се реализира таквата услуга.

## Табела бр. 9: Преглед на трошоци по проекти кои пружаат директна помош и донатори кои ги подржуваат

| | Вкупни трошоци | Трошоци за директни услуги | Центар за правна помош - Скопје | | | Локални Центри за правна помош - Штип и Тетово | | Женски здравствено-информативен центар-Скопје | Локални женски, здравствено информативни центри- Штип и тетово | Проект за развој на локална самоуправа - с. Подареш, општина Радовиш | Здравствено Правен Информативен Центар за Ромско здравје |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ICCO & EED | ABBA CEELI | Genova Global | ICCO & EED | Genova Global | ICCO & EED | ICCO & EED | Министерство за финансии на Република Македонија, Оддел за социјални инвестиции | Фондација Институт Отворено Општество-Македонија |
| 2001-2002 | 8103267 | 734223 | 233479 | 500744 | | | | | | | |
| 2002-2003 | 11777849 | 1751055 | | 156812 | 837108 | | 757135 | | | | |
| 2003-2004 | 11919536 | 2585524 | 1043459 | | | 907690 | | 634375 | | | |
| 2004-2005 | 17866671 | 3933770 | 991502 | | | 486009 | | 659659 | 209114 | 103290 | 1484196 |

## Графикон бр. 9: Процентуално учество на трошоци за директни услуги во вкупни (проектно-програмски) трошоци за периодот 1995-2005




Согласно на стратешките определби на ЕСЕ и врз основа на утврдената тенденција на потребите на корисниците на директни услуги, организацијата во континуитет (почнувајќи од 2001 год) го зголемува обемот на директни услуги.

## Табела бр. 10: Административни и проектно-програмски трошоци на организацијата за периодот 1995-2005

| | Административни трошоци | Проектно програмски трошоци | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|
| 1995-1996 | 464627,00 | 928890,00 | 1393517,00 | 33,34% |
| 1996-1997 | 552873,00 | 1834398,31 | 2387271,31 | 30,14% |
| 1997-1998 | 655337,00 | 4320962,51 | 4976299,51 | 13,17% |
| 1998-1999 | 640602,00 | 4067039,50 | 4707641,00 | 13,61% |
| 1999-2000 | 1081684,00 | 8514298,00 | 9595982,00 | 11,27% |
| 2000-2001 | 996271,00 | 6087053,00 | 7083324,00 | 14,06% |
| 2001-2002 | 1927074,00 | 6176193,00 | 8103267,00 | 23,78% |
| 2002-2003 | 1343299,00 | 10434550,00 | 11777849,00 | 11,40% |
| 2003-2004 | 1671358,00 | 10248478,00 | 11919836,00 | 14,02% |
| 2004-2005 | 2041303,40 | 15825367,20 | 17866670,60 | 11,43% |
| **ВКУПНО** | **11374427,90** | **68437229,52** | **79811657,42** | **11,43%** |

Во годишните финансиски извештаи на организацијата, административните трошоци ги опфаќаат следниве трошоци по видови:
1. Закупнина; 2. Телефон; 3. Вода и комунални услуги; 4. Струја; 5. Пошта; 6. Интернет; 7. Канцелариски материјали (општ трошок); 8. Одржување на деловни простории; 9. канцелариски прибор (општ трошок); 10. Бензин; 11. Регистрација и осигурување на службено возило; 12Книговодствени услуги; 13. Финансиска ревизија; 14. Надворешни консултации; 15. Општи банкарски трошоци; 16. трошоци за осигурување на деловен простор и опрема во канцеларија.
17. Адвокатски услуги.

## Дијаграм бр.10: Годишни административни трошоци на канцеларијата




Во десетгодишниот период административните трошоци на канцеларијата се движат обратно-пропорционално на зголемениот обем на активности.

**Дијаграм бр.10а: Годишни административни трошоци во однос на годишни проектно програмски трошоци на периодот 1995-2005.**




**Графикон бр.10б: Вкупни административни трошоци во однос на вкупни проектно-програмски трошоци за периодот 1995-2005.**




Во вкупно реализираните трошоци, просечното учество на вкупните административни трошоци е 14%.

Износите во овие прегледи се презентирани во денари.
Извршено е валутно усогласување со цел прикажување тенденции во развојот на организацијата.

Износите се превземени од финансиските извештаи и ревизорските извештаи за соодветните фондови.

Деталните финансиски и Ревизорски извештаи кои се користени како извор на податоци во изработката на овие прегледи, се достапни во канцеларијата на Здружението за еманципација,солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија.







# СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

ЕСЕ е основано на 6-ти ноември 1994. Врз основа на членот 13 од Законот за општествените организации и здруженија на граѓани ("Службен весник" бр.13/90), десетте основачи, оддржаа Основачко собрание и во присуство на 21член, ја основаа Хуманитарната Асоцијација за еманципација, солидарност и еднаквост.

Основачи на Асоцијацијата се:

- Билјана Герасимовска Китановска
- Асан Ештрефа
- Кица Ариана
- Мехмети Мјелма
- Бошковска Душица
- Кочовски Љупчо
- Генчова Валентина
- Весна Герасимовска – Таневска
- Весна Богдановска
- Мерита Мехмети

## СОБРАНИЕ

Собранието е највисок орган на ЕСЕ и го сочинуваат индивидуални и почесни членови на ЕСЕ. Досега се одржани 7 седници на Собранието.

## ИЗВРШЕН ОДБОР

Извршниот одбор е извршен орган на Собранието. Формиран е во 1995, и до 1997 се работеше на негово зајакнување, кога ИО беше повторно воспоставен. Составот на ИО беше изгласан во состав од 6 членови за период од четири години. Во 2001 година ИО продолжи да работи во составот избран од претходниот период со зголемување од три новоизбрани членови. Еден од поранешните членови од здравствени причини не го продолжи својот мандат, а на еден му престана.

## ЧЛЕНОВИ ЗА ИЗВРШЕН ОДБОР

**Афродита Шаља**, лекар, вработена во Американската агенција за развој-УСАИД. Членка на ИО на ЕСЕ во два мандати.

**Димитринка Јорданова-Пешевска**, дипломиран психолог, вработена во Светската здравствена организација. Членка на ИО на ЕСЕ во два мандати.

**Душко Миновски**, дипломиран социјален работник. Член на ИО на ЕСЕ во два мандати.

**Проф. д-р Љубинка Басотова**, редовен професор на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет, во пензија. Членка на ИО на ЕСЕ во еден мандат.

**Марија Кишман-Христовска**, лекар, вработена во Светската здравствена организација. Членка на ИО на ЕСЕ во два мандати.

**Мерита Мехмети**, наставник, работи во Основното училиште "Даме Груев" во Скопје. Членка на ИО на ЕСЕ во еден мандат.

**Стојан Михов**, правник, работи како судија на Основниот суд во Штип. Член на ИО на ЕСЕ во еден мандат.

**Татјана Темелкоска-Миленковиќ**, правник, работи во Центарот за континуирана едукација при Здружението на судии на Р. Македонија. Членка на ИО на ЕСЕ во еден мандат.

**Сафие Деари**, новинарка. Членка на ИО на ЕСЕ во еден мандат.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Претседателот го претставува и застапува Здружението.

**Билјана Герасимовска**, специјалист по интерна медицина, вработена на Клиника за нефрологија, Клинички центар Скопје. Претседателка на ЕСЕ во два мандати.







## ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

Здружението формира стручна служба, која ги извршува должностите и задачите на Здружението. Со извршната канцаларија раководи извршна директорка.

## РАБОТАТ И РАБОТЕА ВО ЕСЕ

**Јасминка Фришчиќ**, дипломиран правник. Извршна директорка. Координаторка на програмата “Правна едукација и акција” од 1996-2000. Програм-раководителка на ЕСЕ од 1998-2000, кога функцијата се преименува во извршен директор. Функцијата ја извршува до денес.

**Георге Јанев**, дипломиран економист. Заменик извршен директор за финансии. Од 2001 раководител на администрација и финансии, од 2004 координатор на програмата “Жени и економија”, а од 2005 година именуван за заменик извршен директор за финансии.

**Марија Гелевска**, дипломиран правник. Заменик извршна директорка за програмски активности. Координаторка на програмата “Правна едукација и акција” од 2000 година до денес, а од 2005 година именувана за заменик извршна директорка за програмски активности.

**Весна Јованова**, дипломиран професор по филозофија. Координаторка на одделението за развој. Координаторка на програмата “Јакнење на капацитетите на женските НВО” од 2000 до 2004, а од 2005 до денес, координаторка на одделението за развој.

**Исидора Кацарска Фотевска**, доктор по општа медицина. Координаторка на програмата “Здравствена едукација и женско здравје”, од 2002 до денес.

**Билјана Герасимовска**, специјалист по интерна медицина. Координаторка на програмата “Здравствена едукација и женско здравје” од 1995 до 1998, а потоа консултантка на програмата “Здравствена едукација и женско здравје”.

**Габриела Лосковска**, дипломиран политиколог. Вработена во ЕСЕ како координаторка на програмата “Учество на жените во политиката и одлучувачките структури”, од 2004 до денес.

**Борјан Павловски** доктор по општа медицина. Асистент на програмата “Здравствена едукација и женско здравје” од 2004 до денес.

**Андреа Пуздерлиски** доктор по општа медицина. Асистент на програмата “Здравствена едукација и женско здравје” од 2004 до денес.

**Габриела Михова**, дипломиран правник. Асистентка на програмата “Правна едукација и акција” од јуни 2001 до денес.

**Стојан Мишев**, дипломиран правник, асистент на програмата “Правна едукација и акција” од јули 2003 до денес.

**Јане Велески**. Вработен од 2000 година како асистент на програмата “Учество на жените во политиката и одлучувачките структури” до 2004, а од 2005 до денес, асистент за администрација, финансии и логистика.

**Бисерка Ристовска**, дипломиран класичен филолог, вработена како асистентка, а потоа како координаторка на “Програма против семејно насилство” од 2002 до 2005.

**Даниела Димитриевска**. Вработена во ЕСЕ како координаторка на програмата “Учество на жените во политиката и одлучувачките структури”, од 1995 - 2004.

**Мјелма Мехмети**, дипломиран класичен филолог. Вработена во ЕСЕ како координаторка на “Програма против семејно насилство”, од 1995 - 2002.

**Силвана Наунова**, специјалист по педијатрија. Асистентка, а потоа и координаторка на програмата “Здравствена едукација и женско здравје”, од 1998 до 2002.

**Зоја Бабинкостова** доктор по општа медицина. Асистентка на програмата “Здравствена едукација и женско здравје”, од 2001 до 2002.

**Сандра Бузлиева**, дипломиран правник. Вработена во ЕСЕ во текот на 1998, како асистентка во програмата “Правна едукација и акција”.

**Веселинка Глигорова**. Вработена во ЕСЕ како административен работник, од 1997 до 2001.

**Линдита Кадриу**, новинарка. Работи во ЕСЕ, на проекти поврзани со жените и медиумите во периодот 1995 - 1996

**Ештрефа Асан**. Асистентка на проект, работи во ЕСЕ во 1995 год.

**Нарел Салих**. Асистентка на проект, работи во ЕСЕ во 1995 год,

**Ариана Кица**. Асистентка на проект, работи во ЕСЕ во 1995 год.

**Marike Hoogendoorn**, координаторка на проектот што му претходеше на создавањето на ЕСЕ.

# ПАРТНЕРИТЕ И СОРАБОТНИЦИТЕ КОИ ЧЕКОРЕА СО НАС

Работата на ЕСЕ на полето на унапредувањето на положбата на жената и воведувањето поголем баланс во односите на моќ меѓу мажите и жените во нашето општество е водено од идеите за социјална еднаквост и демократија. Затоа во текот на целокупната своја работа се обидуваме да го промовираме конструктивниот дијалог, меѓу сите заинтересирани групи низ социјалниот и политичкиот спектар.

ЕСЕ при спроведувањето на активностите на локално ниво соработуваше со невладини организации кои му се сродни, како по однос на корисници на услуги така и по нивните програмски определби.

Учествуваше во Националниот комитет за спроведување на Платформата за акција од Конференцијата во Пекинг, на Одделението за унапредување на еднаквоста меѓу половите - Министерство за труд и социјална политика во 1995 година, кога е подготвен Национален план за акција.

Претставници на ЕСЕ учествуваа во две комисии за изменување и дополнување на Кривичниот законик и Законот за кривична постапка при Министерството за правда, при предлагањето на законсите предлози за регулирање на семејното насилство од ЕСЕ во текот на 2000 и 2001 година.

Соработката со Дирекцијата за извршување кривични санкции при Министерството за правда, овозможи спроведување на низа активности во рамките на Женското одделение при централниот затвор Идризово, како и едукација на затворскиот персонал при сите казнено-поправни и воспитно-поправни установи во РМ.

Спроведување на теренско истражување за темната бројка на семејното насилство во Македонија, првото истражување за испитување на обемот и видовите на овој вид насилство врз жената, резултираше од соработката со Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

ЕСЕ учествува во креирањето на националната политика (мерки и планови) за унапредување на здравјето, преку своето членство во Националниот комитет за унапредување на здравјето при Министерството за здравство.

Воспоставено е формално партнерство со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство. Во соработка со Акција Здруженска иницирана е подготовка на протоколи, процедури за постапување во случаите на семејно насилство од страна на сите релевантни субјекти од формалниот и неформалниот (НВО) систем на заштита кои ќе резултираат во единствен, ефикасен и координиран систем на заштита.

Втора фаза од наведениот процес е унификација на граѓанскиот и кривичниот  систем на заштита за жртвите на семејно насилство.

ЕСЕ учествуваше во подготовката на првиот национален извештај за Милениумските развојни цели иницирал од страна на семејството агенции на ОН во Македонија. ЕСЕ го подготви извештајот на Третата милениумска развојна цел-Промовирање на еднаквоста меѓу половите и унапредување на положбата на жените, а како дел од невладините организации вклучени во подготовката на извештајот свој придонес даде во подготовка на Милениумските развојни цели од областа на здравјето (Намалување на смртноста кај децата, подобрување на здравјето на родилките и борба против ХИВ/СИДА и туберколоза).

ЕСЕ е член на советодавната група за кампањата за достапно здравје на жените на Глобалната мрежа за репродуктивни права на жените од Холандија.

ЕСЕ е членка на граѓанската платформа на Македонија.

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија

Максим Горки 20 - 1/4
1000 Скопје

www.esem.org.mk